ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# за 2019 година

# СОДРЖИНА


ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ГДР 3

ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА 4

МИСИЈА ВИЗИЈА ЦЕЛИ 5

ВРАБОТЕНИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА 6

ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА 8

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И ВЕШТИНИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ 9

СТРАТЕШКИ И МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ 10

ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ 15

РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ НИЗ БРОЈКИ 16

РЕВИЗИИ, СУБЈЕКТИ, НАОДИ, МИСЛЕЊА 17

ЈАВНИ НАБАВКИ --------- РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА 20

ПРИХОДИ И РАСХОДИ 22

ПРЕПОРАКИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА 23

ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ 25

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ 66

ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2019 67

РЕФЕРЕНДУМ 2019 68

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 69

КОМУНИКАЦИЈА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ДЗР 72

СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ 74

СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ 76



Почитувани,

Пред вас е Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2019 година во кој ги презентираме резултатите од нашето работење и спроведените ревизии во 2019 година.

Со задоволство можеме да кажеме дека Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година е целосно реализирана и покрај предизвиците со кои се соочи институцијата во последниот квартал од годината.

Во 2019 година преземени се повеќе активности за понатамошен развој на институцијата и подобрување на ревизорските процеси согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики на земјите членки на Европската унија преку спроведување на твининг проект финансиран од европските фондови.

Во соработка со нашите твининг партнери и бројни европски експерти добивме значајни препораки за подобрување на нашите стратешки и методолошки акти, организиравме бројни обуки, стажирања и студиски посети за надградба на професионалните вештини на нашите ревизори и осознавање на европските искуства, воспоставивме одлична соработка со Собранието на Република Северна Македонија со цел да се изгради добра практика нашите ревизорски извештаи да станат предмет на редовно разгледување на собраниските седници и да добиеме поддршка во спроведувањето на ревизорските препораки.

Особено сме горди што институцијата ја отвораме кон медиумите и јавноста со тоа што презедовме стратешки пристап преку изготвување на Комуникациска стратегија на Државниот завод за ревизија, која беше поддржана со проект финансиран од Британската влада, со цел медиумите и граѓаните да бидат наши сојузници во остварување на нашите стратешки цели во зголемувањето на транспарентноста, отчетноста и одговорноста во користењето на јавните средства, односно користењето на средствата на даночните обврзници.

Во однос на показателите од нашето работење, со ревизиите во 2019 година го зголемивме опфатот на ревидирани расходи во однос на вкупните буџетски средства, а значително се подобрени и показателите за спроведувањето на ревизорските препораки што укажува на фактот дека придонесот на Државниот завод за ревизија кон зајакнување на институциите и менаџерската одговорност е се позначаен во нашето општество.

Во нашите ревизорски извештаи, без оглед на видот и целите на ревизиите, освен за состојби кои ги констатираме кај субјектите предмет на ревизија, укажуваме и на системските слабости односно слабости и недоречености во законските акти во одредени области. Со постапувањето по дадените укажувања и преземање на активности од надлежните органи за надминување на утврдените состојби, Државниот завод за ревизија придонесува во зајакнувањето на правниот систем и создавање на поволен амбиент за понатамошен развој на нашите институции.

Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција на Република Северна Македонија е членка на европската и меѓународната организација на врховните ревизорски институции, а исто така соработува и со значајни меѓународни организации. Оттука значаен обем на активности во 2019 година беа спроведени на меѓународен план.

Во наредниот период посветено ќе продолжиме во заложбите кон уставна и целосна финансиска и оперативна независност на Државниот завод за ревизија, да ги зајакнуваме нашите капацитети и имплементираме бараните етички вредности, да бидеме транспарентни и да соработуваме со надлежните институции, во насока на развој на нашата институција во современа европска врховна ревизорска институција и заштита на јавните средства.

Главен државен ревизор

м-р Максим Ацевски

# ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст: ДЗР) е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ја информира јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.
ДЗР како независен надворешен ревизор, ревизијата ја врши во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI), применувајќи високи професионални квалификации и континуирана обука на вработените кои се основни вредности во нашата работа.

Независноста на институцијата е утврдена со Законот за државната ревизија, во кој се регулирани надлежностите на ДЗР, утврден е широк мандат во вршењето на ревизии на регуларност и на ревизии на успешност, со неограничен пристап до сите потребни информации, документација и евиденции за спроведување на државната ревизија. ДЗР независно и самостојно ја утврдува Годишната програма за работа за секоја тековна година, независно одлучува за темите и субјектите кои се предмет на ревизија како и за начинот, содржината на известувањето од извршените ревизии, вршејќи ја својата функција без пристрасност и ослободена од надворешни влијанија.

Со овој Годишен извештај укажуваме пред се на значајните наоди од извршените ревизии, на недостатоците во работењето на субјектите кои биле предмет на ревизија, утврдените слабости во законската регулатива, постоечките состојби во примена на информациските системи, дадените релевантни препораки кои се додадена вредност од ревизијата, а имаат за цел создавање на подобрувања на соодветното ниво во работењето на субјектите. Со Годишниот извештај информираме и за други активности и иницијативи од работењето на ДЗР, нашите стратешки цели, соработката со другите ревизорски институции на меѓународно ниво, соработката со медиумите, и секако информирање на јавноста.

Оттука, ДЗР е препознатлив по високите вредности кои се воспоставени во институцијата и истите ќе продолжи да ги негува и надградува, како што се: професионалните вештини, одговорното вршење на работните задачи, тимската работа, совесност и професионална етика, како и професионалниот и личен интегритет на овластените државни ревизори и државните ревизори во извршување на своите функции од обласа на државната ревизија.



# МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЦЕЛИ

## Мисија

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието на РСМ, Владата на РСМ, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување во управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

## Визија

За успешно да ја исполниме нашата цел – водење грижа за јавните средства и да придонесуваме за унапредување на управувањето со истите, наша визија е континуирано обезбедување квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој е истовремено носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

## Цели 2018 - 2022

- Зголемување на транспарентноста во користењето на јавните средства
- Подобрување на работењето на корисниците на јавните средства
- Обезбедување на соодветно работно опкружување
- Подобрување на квалитетот на работењето на ДЗР преку континуирана професионална обука на ревизорите
- Подобрување на резултатите во работењето преку зајакнување на комуникацијата и соработката помеѓу ревизорите и институциите

# ВРАБОТЕНИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

## ➢ Организациона поставеност и структура на вработени




Пополнети работни места









- **Етничка застапеност**




- **Родова застапеност**




- **Старосна структура на вработени**



## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Развојот и употребата на информатичката технологија и нејзина рационална и ефикасна употреба во ревизијата се дел од стратешките цели на ДЗР. ДЗР континуирано го следи развојот на информатичката технологија и врз база на тековни анализи и претходни искуства редовно вложува во надградбата на информатичката технологија, со цел непречено извршување на ревизијата.

Обезбедено е непречено функционирање на инфраструктурата на информацискиот систем и на имплементирани системи за централизирано чување и размена на податоци, со особено внимание на клучните сервиси и процеси како електронската пошта, архивското работење, интегрираниот финансиски информациски систем, системот за анализа на податоците од ревизорските извештаи и Системот за управување со процесот на ревизија (Audit Management System (AMS)). Системите и апликациите се развиени водејќи грижа за начелата и правилата за: достапност на податоците на авторизиран корисник, доверливост, интегритет, безбедно чување на податоците на централна локација, усогласеност со законите, редовно правење на резервна копија (backup), заштита од физички и логички пристап на податоците.

ДЗР
AUDIT MANAGEMENT SYSTEM
СОФТВЕР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕВИЗИЈАТА

Согласно ИТ стратегијата во 2019 година спроведени и реализирани се набавки на специјализирани софтвери за антивирусна и бекап заштита, базирани врз претходно спроведени анализи за потребите од соодветни софтверски решенија, како и од јасно дефинирање на техничките карактеристики на истите и извршена проверка и унифицирање на оперативниот систем на сите работни станици кои ги користат вработените.

За непреченото извршување на ревизорските активности, за секој ревизорски тим обезбедени се: мобилен интернет пристап, независен од условите кои ги има субјектот, преносливи уреди за дигитално обезбедување на доказите, како и непречен и сигурен VPN пристап до информацискиот систем на ДЗР. Ревизорите користат компјутерски потпомогнати ревизорски техники (CAAT's) во процесот на ревизија, додека ревизорите во секторот за ревизија на информациските системи го користат IDEA софтверот за анализа на податоците од кои се генерираат финансиските извештаи.

Користењето на информатичката технологија особено во државната ревизија се заснова врз доследно следење на Политиката за безбедност на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија, како и на применетите ИТ безбедносни процедури и ИТ процедури за имплементација на Систем за управување со процесот на ревизија (AMS). Истите подлежат на годишна анализа со цел секогаш да бидат во чекор со новите решенија во областа.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И ВЕШТИНИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ

ДЗР како врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, како еден од своите стратешки приоритети секогаш ги има капацитетите на државните ревизори и нивните професионални надградби и усовршувања.

Согласно Годишниот план за континуирано професионално усовршување во 2019 година беше одржана обука на тема: Вовед во државната ревизија како професија во Република Македонија, законска регулатива, развој на државната ревизија, предмет на државна ревизија, вовед во INTOSAI професионалните барања, стандарди за работа, Кодекс на етика и видови ревизии. Обуката беше наменета за државните ревизори со статус на помлади ревизори целна група од 21 вработен и вработени во секторите за административна поддршка, кои се здобија со сертификати за успешно завршено основно ниво на обука.

Во текот на 2019 година продолживме со спроведување на неколку нови теми во насока на реализација на Годишниот план за континуирано професионално усовршување и обуки на ДЗР за 2019 година. Темите на оваа сесија беа Основи на INTOSAI концептот и Кодексот на етика, запознавање со концептот на контрола на квалитет и осигурување на квалитет – како да се подобри пишувањето, односно изготвувањето на ревизорскиот извештај, во делот на концептот, содржината, употребата на јазик и стил на пишување, со единствена цел ревизорот преку извештајот да пренесе јасна и недвосмислена порака за субјектите кои се предмет на ревизија и за целата јавност заради информирање на констатираните состојби кај ревидираните правни субјекти. Оваа тема ги опфати сите видови на ревизии кои ДЗР ги спроведува согласно законската регулатива. На обуката беа презентирани и новини во однос на напредните алатки за 3 Е (ефикасност, економичност и ефективност) во ревизијата. Обуката беше реализирана и наменета за вработени во ДЗР на различни нивоа и звања и на истата присуствуваа 65 лица од Државниот завод за ревизија.

Во 2019 година беше одржана дводневна обука на која присуствуваа вработени во ДЗР, како и вработени во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош. Целната група од ДЗР опфати државни ревизори со звање помлади ревизори и ревизори. Обуката се реализираше со интерактивен пристап на следниве теми: видови ревизии, фази на ревизија според видови на ревизија и специфики на видовите на ревизија. Во текот на обуката беа презентирани и се дискутираше за видовите на ревизија според INTOSAI стандардите, како и за видовите ревизии според мандатот кој го има ДЗР согласно законот. Детално беа презентирани и обработени фазите на ревизијата според видовите на ревизија при што се дискутираше и за компаративната анализа на спецификите, сличности и разлики помеѓу различни видови на ревизии од методолошки и применливи аспекти. Беа изработени неколку вежби поединечно и во групи, со примери од искуствата стекнати низ практичната работа.

Обуките во 2019 година беа дизајнирани и спроведени со заедничко учество и придонес од внатрешни обучувачи, кои се овластени државни ревизори, од кои еден магистер од областа на ревизијата и сертифициран INTOSAI обучувач, еден овластен сметководител и еден магистер од областа ИТ ревизија.

Зголемувањето на знаењата, вештините и капацитетите на вработените во ДЗР покрај со сопствени човечки ресурси се одвиваше истовремено и со имплементација на:

- Твининг проект на ЕУ - Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизија;
- Проект со Британска влада - Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките од ДЗР, детално елаборирано во делот Ревизорска методологија и проектни активности, од овој извештај.

# СТРАТЕШКИ И МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ




## Стратегија за развој на ДЗР 2018 - 2022 година

Во Стратегијата за развој на ДЗР 2018 – 2022 година, која беше усвоена во декември 2017 година, се преточени заложбите за промовирање и подобрување на имплементацијата на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ИССАИ), за зајакнување на независноста и интегритетот како предуслови за остварување на професионалноста и кредибилитетот во работењето, како и за континуирано следење на ефектите од извршените ревизии и степенот на исполнување на препораките содржани во ревизорските извештаи од страна на ревидираните субјекти. Стратешките цели беа земени предвид при изготвување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2019 година, за чија реализација известуваме во овој Годишен извештај.

## Ревизорска методологија и проектни активности

Проектните активности на ДЗР се однесуваат на реализација на два значајни проекти и тоа:

- Твининг проект на ЕУ - Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизија.
- Проект со Британска влада - Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките од ДЗР.

## Твининг проект на ЕУ

Државниот завод за ревизија заклучно со 14 септември 2019 година го реализираше твининг проектот „Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизија“, финансиран со средства од фондовите на ЕУ, кој започна во декември 2017 година и траеше 21 месец.

Наши твининг партнери во имплементација на проектот беа Националниот завод за ревизија на Република Бугарија и Државниот завод за ревизија на Република Хрватска, како и експерти од други европски земји и Европскиот суд за ревизија кои се ангажирани на проектот.

Твининг проектот се реализираше во 4 компоненти. Сите активности и резултати предвидени со твининг проектот се успешно реализирани. Остварувањето на 25 задолжителни резултати од проектот во согласност со работниот план на проектот, заедно со дополнителните резултати, доведоа до постигнување на целите на проектот.

Примената на резултатите ќе помогне да се зголемат ефектите од проектот, во насока на подобрување на ревизорската работа на ДЗР во наредните години. За спроведување на резултатите од проектот се предвидени активности со новиот твининг проект финансиран со средства на ЕУ, кој се очекува да започне во септември 2020 година.

## К 1

### ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕВИЗОРСКИТЕ ПРОЦЕСИ СОГЛАСНО ISSAI







Препораки за подобрување на ревизорските процеси согласно ISSAI

Препораки за воспоставување на стратешкото планирање на ревизиите во ДЗР

Обука за стратешко планирање (80% од вработените)

Препораки за подобрување на законската и институционалната рамка за надзор над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи

Тркалезна маса за ревизија на политичките партии и изборните кампањи

2 пилот ревизии на регуларност

Стажирања и студиски посети



## К 2

### ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА РЕВИЗИЈА НА ДЗР








Препораки за подобрување на институционалниот и кадровскиот капацитет на ДЗР

Проценка на потребите за обуки и План за обуки на вработените

Обуки за ревизија на успешност и на ЕУ (50% од вработените)

спроведени 4 пилот ревизии на успешност

Конференција за презентирање на резултатите од пилот ревизиите

Обука за откривање на измами и злоупотреби

Препораки за подобрување на контролата и осигурување на квалитетот на ревизиите

Стажирања и студиски посети

## ПОНАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ЕФИКАСНОСТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА





# К 3

### ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ДЗР И СОБРАНИЕТО



Препораки за развивање на квалитетна собраниска дискусија за ревизорските извештаи

Проценка на потребите за подигнување на свеста на пратениците за ревизорските извештаи

Тркалезна маса за соработката на ДЗР со Собранието

Стажирања и студиски посети





# К 4

### ПОДОБРУВАЊЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ИТ, КОМУНИКАЦИИТЕ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ



Препораки од спроведената самопроценка на ИТ системите во ДЗР (ITSA)

Препораки од спроведената самопроценка на ИТ ревизијата (ITASA)

Препораки за подобрување на веб страната на ДЗР

Препораки за подобрување на комуникацијата на ДЗР

## Проект со Британската влада

Во рамките на поддршката на реформите во Република Северна Македонија, Владата на Обединетото Кралство преку Фондот за добро владеење на Велика Британија обезбеди поддршка на Државниот завод за ревизија за имплементирање на проектот „Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките од ДЗР".

Проектот кој траеше од јули 2018 до март 2019 година, го реализиравме со помош на ПрајсвотерхаусКуперс Македонија, Вестминистер Фондација за Демократија, во соработка со Центар за економска анализа и Институт за истражување на општествениот развој-РЕСИС, а за цел имаше подобрување на имплементацијата на препораките на ДЗР, преку проценка и зајакнување на институционалните механизми за нивно следење. Тоа би се постигнало преку поголема присутност во јавноста и поголема вклученост на широката јавност и останатите засегнати страни во работата на ДЗР.

Проектот беше фокусиран на три главни резултати:



**1. Генерална проценка на ревизорскиот процес**



**2. Зголемен капацитет на ДЗР за упатување на препораките**



**3. Комуникациска стратегија на ДЗР вградена во работните планови на институцијата, вклучувајќи и стратегија за презентирање на поедноставени ревизорски извештаи на засегнатите страни**

Со текот на проектот беа реализирани серија на средби, интервјуа, работилници и состаноци со вработените од ДЗР, претставници на Собранието на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство и Министерството за финансии, претставници на медиумите и граѓански здруженија во насока на зајакнување на процесот на имплементација на препораките дадени од Државниот завод за ревизија при што беа изработени и повеќе значајни документи: анализа и препораки за подобрување на ревизорскиот процес со користење на добрите практики добиени со компаративна анализа кај други ВРИ; Комуникациска стратегија на ДЗР со вклучување на сите засегнати страни како и јавноста/граѓаните; Стратегијата за презентација на поедноставени-симплифицирани ревизорски извештаи за останатите засегнати страни.

Во проектот, исто така беа вклучени и пет новинари од различни медиуми кои со поддршка на нашата институција успешно направија истражувачки стории врз основа на наодите во ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија и истите ги објавија преку медиумите.

# ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

Согласно Законот за државна ревизија  финансиските средства за работа на Државниот завод за ревизија се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија. Потребните средства за работа на предлог на Државниот завод за ревизија ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија.




Вкупниот буџет во 2019 година изнесуваше 99.757 илјади денари. Од нив 93,99% или 93.757 илјади денари се средства обезбедени од основниот буџет на сметката (637) и 6,01% или 6.000 илјади денари од сметката на основен буџет (631) кои се однесуваат на наплатени приходи од органи по основот извршени ревизии пред измените на Закон за државна ревизија во 2010 година. Одобрениот финансов план на сметката на основен буџет (637) изнесуваше 86.633 илјади денари.

Во известувачкиот период од сметката на основен буџет (637) извршени се вкупно расходи во износ од 85.960 илјади денари, од кои 69.011 илјади денари или 80% се однесуваат за плати и надоместоци за вработените и избраните и именуваните лица, 14.806 илјади денари или 17% се однесуваат за стоки и услуги, за субвенции и трансфери исплатени се средства  во износ од 989 илјади денари или 1%, а за капитални расходи во износ 1.154 илјади денари или 1,35%.




Во 2019 година во структурата на расходите за стоки и услуги најголемо учество имаат патните и дневните расходи во износ од 4.339 илјади денари, расходи за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се во износ од 5.100 илјади денари, за материјали и ситен инвентар во износ од 764 илјади денари, за поправки и тековно одржување во износ од 1.862 илјади денари, договорни услуги во износ од 1.654 илјади денари и други тековни расходи во износ од 1.087 илјади денари. За расходите за субвенции и трансфери најголем дел на исплати се однесуваат за разни трансфери во износ од 311 илјади денари и исплати по извршни исправи во износ од 678 илјади денари. Додека кај капиталните расходи искажаните расходи се однесуваат за набавка на информатичка опрема и вложувања во нефинансиски средства.

Во известувачкиот период од сметката на основен буџет (631) извршени се вкупно расходи  во износ од 6.000 илјади денари на име исплати по извршни исправи за исплата на плати на вработените за месец 10-2019 година. Во структурата на приходите на оваа сметка се 6.237 илјади денари се однесуваат на пренесениот вишок на приходи над расходи од претходната година и 313 илјади денари по основ на наплатени приходи од минати години од органи за извршени ревизии пред измените на Законот за државна ревизија во 2010 година. Пренесениот вишок на приходи и расходи на крајот на известувачкиот период изнесува 550 илјади денари.

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
## РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ НИЗ БРОЈКИ

ДЗР

| | |
|---|---|
| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ | 74 |
| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ | 6 |
| РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ КАКО ПОСЕБЕН ВИД НА РЕВИЗИЈА | 5 |
| РЕВИЗИЈА НА СПЕЦИФИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ, СМЕТКИ ИЛИ СТАВКИ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 3 |
| FOLLOW-UP РЕВИЗИИ | 2 |
| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО **ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК** НА СУБЈЕКТОТ ПРЕДМЕТ НА РЕВИЗИЈА | 90 |
| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА РСМ | 3 |
| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА | 1 |
| СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈА | 174 |
| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО СОБРАНИЕ НА РСМ | 90 |
| НАОДИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 826 |
| ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 498 |
| ЈАВНИ РАСХОДИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈАТА (ВО МИЛИОНИ) | 161.586 |
| ЈАВНИ ПРИХОДИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈАТА (ВО МИЛИОНИ) | 247.997 |

## РЕВИЗИИ, СУБЈЕКТИ, НАОДИ, МИСЛЕЊА

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа, а согласно утврдените критериуми за избор на субјекти и теми на ревизија, ги дефинира субјектите и областите кои ќе бидат ревидирани на годишно ниво.

Опфатот на државната ревизија од аспект на бројот на ревидираните субјекти, ги опфаќа и субјектите кои задолжително се ревидираат секоја година.

Согласно законските надлежности и расположливите капацитети, Државниот завод за ревизија во својата Годишната програма за 2019 испланира 56 ревизии.

Во 2019 година завршени се 54 ревизии (2018 - 66 ревизии) од кои 38 ревизии на регуларност, 5 ревизии на усогласеност како посебен вид на ревизија, 6 ревизии на успешност, 2 ревизии за следење на спроведување на препораките (follow up ревизии) и 3 ревизии на специфични елементи, сметки или ставки во финансиските извештаи. Од шесте ревизии на успешност завршени во 2019 година , 4 беа пилот ревизии на успешност во рамки на твининг проектот и тоа на ЕУ фондовите, информатичката технологија, реализирањето на дипломците на пазарот на трудот во Република Северна Македонија и јавните набавки, кои завршија во 2019 година, што значително придонесе за унапредување на капацитетите на ДЗР за спроведување на ревизиите на успешност. Воедно, во 2019 година беа започнати 2 ревизии на успешност и тоа меѓународна паралелна ревизија на успешност од областа на трудот и ИТ ревизија, кои ќе завршат со реализацијата на Годишната програма за работа за 2020 година.

Од извршените ревизии издадени се 90 ревизорски извештаи (2018 – 117), од кои 74 извештаи за ревизија на регуларност, 5 извештаи за извршена ревизија на усогласеност, 6 извештаи од извршена ревизија на успешност, 2 извештаи од follow up ревизии и 3 извештаи за извршени ревизии на специфични елементи, сметки или ставки во финансиските извештаи.

За постигнување на целите на извршените ревизии, во зависност од тоа дали се спроведува ревизија на регуларност или ревизија на успешност, во текот на 2019 година, со ревизија се опфатени 174 субјекти од сите извршени ревизии, што претставува 70,58% повеќе во однос на претходната година.

Во 2019 година Државниот завод за ревизија изврши 38 проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) издадени во 2018 и 2019 година, во функција на утврдување на степенот на нивно спроведување и издаде 71 извештај.

При спроведувањето на Годишната програма за работа за 2019 година овластените државни ревизори и државните ревизори во ревизорските извештаи констатирале 826 наоди/состојби при вршење на државна ревизија и тоа:

- 40 наоди со ревизија на Основниот буџет;
- 600 наоди со ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност;
- 101 наод со ревизија на успешност;
- 65 наоди со ревизија на усогласеност како посебен вид на ревизија и
- 20 наоди со ревизијата на посебни елементи, сметки или ставки во финансиските извештаи.


Ревидирани 174 субјекти
70,58% повеќе во однос на 2018
Ревидирани 161.586 милиони денари јавни расходи или 12% повеќе расходи во однос на 2018
Ревидирани 247.997 милиони денари јавни приходи
Издадени 90 ревизорски извештаи
Извршени 38 проверки на статусот на препораките и издаден 71 извештај
Утврдени 826 наоди
Дадени 498 препораки
Ревизија во 2019 година
Ревизија на успешност
Пчеларство
Прекугранична соработка со Р. Бугарија
Јавните набавки кај ЈП во Скопје
Високообразован кадар на Пазарот на труд
Изградба на спортски сали
Ревизија на усогласеност
Основен буџет на РСМ
Судска власт
Обвинителство
Правобранителство
Медицински специјализации
ИТ Ревизија
Информациски систем за човечки ресурси
Ревизија на специфични цели
ФЗОРСМ
ФПИОМ
Народна банка на РСМ
Ревизија на регуларност
Претседател на РСМ
Министерство за финансии
Министерство за транспорт и врски
Министерство за економија
Министерство за информатичко општество и администрација
Министерство за труд и социјална политика
Државен завод за статистика
Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати
Биро за регионален развој
Управа за хидрометеоролошки работи
НУ Музеј на македонската борба за државност и самостојност - Скопје
Државен испитен центар Скопје
НУ Македонски народен театар
НУ Центар за култура Тетово
Универзитет Мајка Тереза во Скопје
Политички партии (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ПП Движење БЕСА)
Референдум Собрание на РСМ
Претседателски избори (Државна изборна комисија, Претседателски кандидати)
ЕЛС (Гостивар, Струга)
АД Македонска информативна агенција-Скопје
ЈП Градски Паркинг - Тетово
АД Пошта-Скопје
АД М-НАВ
Агенција за планирање на просторот скопје
Агенција за супервизија на осигурувањето
Агенција за вработување
ЈЗУ Центар за јавно здравје во Тетово и Штип
ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија - Скопје
ЈЗУ УК за неврохирургија - Скопје
ЈЗУ Општа болница - Кавадарци
Универзитетска клиника по хируршки болести СВ.Наум Охридски Скопје
Follow up и проверки
Возен парк во СОЗР
ПП ДПА
Follow up проверки на Извештаи од ГП 2018 и 2019
Префрлени ревизии во ГП 2020
Услуги кои ги даваат ЕЛС на порталите
Владино планирање за пазарот на труд
ЈЗУ Завод за превенција и лекување и рехаблитација кардиоваскуларни заболувања Охрид


826 наоди
600
65
20
40
101
Ревизија на регуларност (ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност)
Ревизија на усогласеност како посебен вид на ревизија
Ревизија на специфични елементи, сметки или ставки во ФИ
Ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија
Ревизија на успешност
29
151
154
61
14
35
98
119
1
5
5
4
4
4
1
5
22
101
Наоди кои се однесуваат на системот на интерни контроли
30
Наоди кои се однесуваат на усогласеност со законската регулатива и прописи.
217
Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи
159
Наоди кои се однесуваат на користењето на средствата согласно законските прописи
14
Наоди кои се однесуваат на јавните набавки
35
Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет
110
Останати прашања
131
Наоди кои се однесуваат на ИТ
1
Подготовка на Буџетот на Република Северна Македонија
5
Извршување на Буџетот на Република Северна Македонија
22
Управување со Буџетот на Република Северна Македонија
1
Наоди кај ревизиите на успешност, согласно темата на ревизиите
101

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Ревизија на користењето и трошењето на средствата за јавни набавки од страна на договорните органи согласно Законот за јавните набавки врши Државниот завод за ревизија. Во текот на 2019 година Државниот завод за ревизија во рамките на вршењето на планираните ревизии, ги ревидираше и јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија и утврди 35 наоди во конечните ревизорски извештаи. Петте неправилности кои најмногу се повторуваат во извештаите се дадени во следниов приказ.




## РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА

Основна цел во процесот на ревизијата на регуларност е да му овозможи на ревизорот да изрази мислење за тоа дали:

- финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот на финансиските активности и
- активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Согласно поставените цели во ревизорските извештаи, изразени се мислења за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи, кои се презентирани подолу.



Структурата на издадените мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2018 година, групирана по групи на корисници е презентирана во следните два графикони.






## ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Вкупниот износ на ревидирани јавни приходи кои се опфатени со извршените ревизиите на финансиските извештаи со Годишната програма во 2019 година изнесува 247.997 милиони денари, додека вкупните ревидирани јавни приходи со Годишната програма во 2018 година изнесуваат 255.335 милиони денари. Структурата на ревидираните јавни приходи во 2019 и 2018 година по групи на корисници е прикажана во следниов графикон.




Вкупниот износ на ревидирани јавни расходи кои се опфатени со извршените ревизии на финансиските извештаи со Годишната програма 2019 година изнесува 161.586 милиони денари, додека вкупните ревидирани расходи за претходната година изнесуваат 119.586 милиони денари, што претставува 35% повеќе ревидирани јавни расходи. Структурата на ревидираните јавни расходи во 2019 и 2018 година, по видови на корисници е прикажана во следниов графикон.



Вкупно извршениот буџет во 2018 година изнесува 298.792 илјади денари, додека ревидираниот буџет во 2018 година изнесува 161.586 илјади денари, што преставува 54% од вкупно извршениот буџет. Споредено со податоците од претходната година бележиме пораст во опфатот на ревидирани расходи во износ од 12% во однос на извршениот буџет од претходната година.




## ПРЕПОРАКИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Покрај основната мисија на Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција навремено и објективно да ги информира носителите на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии, исто така целта на ревизијата е да упатува јасни и ефективни препораки со што ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавни средства за унапредување во управувањето со истите.

Согласно Законот за државна ревизија, законскиот застапник на субјектот е должен да го извести Државниот завод за ревизија и органот надлежен за надзор и контрола, за преземените мерки во врска со наодите и препораките во ревизорските извештаи, во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај.

Државниот завод за ревизија го следи спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи во рамки на вршењето на редовни ревизии, посебни ревизии и проверки на спроведување на препораките, како и преку примени информации од субјектите. Во графиконот на следната страна дадени се податоци за статусните категории на преземените мерки по дадените препораки за годишни програми 2018 и 2019 година.

Со извршените ревизии од Годишната програма за работа на ДЗР за 2018 и 2019 година, дадени се вкупно 1030 препораки, за кои е изминат рокот од 90 дена за доставување на повратна информацијата од субјектите предмет на ревизија и по кој преземени се мерки по 789 препораки или постапувањето по препораките е 76,6%.




Структура на дадени препораки по видови на ревизии и по видови на наоди






# ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ

## ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Буџетот на Република Северна Македонија ги одразува очекуваните фискални движења, јавните приходи за финансирање на приоритетните политики и цели, во насока на одржување на економскиот раст и социјалната заштита. Стратешките приоритети на Владата на РСМ, фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и приоритетите на општините се основа за подготвување на Буџетот на РСМ.

При подготовката на Буџетот на РСМ за 2018 година, пропишаните рокови за клучните активности во процесот на стратешкото планирање не се запазени, односно Одлуката за стратешки приоритети на Владата на РСМ за 2018 година е донесена со задоцнување од 3 месеци, додека Фискалната стратегија за 2018-2020 година на РСМ со задоцнување од 5 месеци. Ваквата состојба се должи на тоа што по завршување на предвремените парламентарни избори во декември 2016 година, Владата на РСМ е формирана и започна со работа со шестмесечно задоцнување.

Во отсуство на фискална стратегија, Министерството за финансии доставило известување до буџетските корисници, предлозите за буџетите за 2018 година да се изработат во рамките на максималните износи на расходи утврдени со Буџетот на РСМ за 2017 година. Ревизијата констатира дека дел од буџетските корисници имаат доставено нецелосни буџетски барања, без план на систематизирани и пополнети работни места, план за јавни набавки како и тригодишни стратешки планови, кои се основа за подготвување на нивните буџетите.

Барани средства, предлог буџет и одобрени средства на буџетските корисници



Буџетот на РСМ за 2018 година е донесен во износ од 154.890.936 илјади денари, кој е за 21.281.702 илјади денари помал во однос на бараните средства од буџетските корисници, но во однос на 2017 година бележи зголемување за 5,95%.

За надминување на ваквите разлики помеѓу бараните и одобрените средства, потребно е да се интензивира процесот на усогласување на Министерството за финансии со раководителите на буџетските корисници.

Во август 2018 година направени се измени и дополнувања на Буџетот на РСМ и истиот е зголемен за 4,3%, поради отстапувањата помеѓу фискалните движења и планираните износи како на приходната така и на расходната страна на Буџетот како и поради потребата од обезбедување на средства за нови политики и мерки на Владата на РСМ.

Со извршениот ребаланс на расходите, најзначајно е зголемувањето на отплатата на главница 25,52% и кај субвенциите и трансферите 24,57%, додека капиталните расходи се намалени за 18,44%.

Најголемото учество во приходите на Основниот буџет на РСМ имаат даночните приходи од 65,70%, чија реализација во најголем дел е во надлежност на Управата за јавни приходи и Царинската управа. Во 2018 година овие приходи се реализирани во вкупен износ од 111.427.122 илјади денари и бележат благ пораст од 1% во однос на 2017 година.

Со ревизијата констатирано е дека даночните побарувањата по основ на неплатен ДДВ, данокот на добивка и персоналниот данок од правни и физички лица, кои се во надлежност на администрирање на Управата за јавни приходи, на ден 31.12.2018 година се во вкупен износ од 31.144.013 илјади денари, додека обврските за поврат на ДДВ и данок од добивка изнесуваат 6.330.673 илјади денари, што укажува на фактот дека државата има латентни приходи кои се очекуваат да се наплатат во наредната календарска година.

Имајќи ги предвид надлежностите на Управата поврзани со администрирањето и контролата на даночните приходи и јавните давачки, констатирана е потреба од зајакнување на кадровските и технички ресурси како и унапредување на информатичките системи на Управата.

Во однос на даночните приходи, надлежност на Царинската управата на РСМ, констатирано е дека во 2018 година наплатени се акцизи во вкупен износ од 23.745.094 илјади денари, што е за 8,2% повеќе во однос на 2017 година, што делумно се заснова на зголемувањето на акцизата на минералните масла. Во структурата на акцизите по акцизни добра, најголемо е учеството на акцизите од нафтените деривати и тутунските производи.

Увозните давачки и такси наплатени се во износ од 5.603.709 илјади денари, што е за 8,3% повеќе во однос на 2017 година. Најголемо учество има наплатата на царински давачки во патниот сообраќај со 96,86%, авиосообраќајот учествува со 2,61%, а железничкиот сообраќај со 0,29%. Во однос на целосноста и точноста во администрирањето на даночните приходи, дадовме препорака за целосно имплементирање и употреба на интегрираниот систем за наплата на царина и царински давачки и обработка и наплата на акцизи.

Приходи од надомест за користење на води, за испуштање на води и вадење на песок, чакал и камен како дел од даночните приходи во 2018 година, се наплатени во износ од 86.810 илјади денари, што е за 19% помалку во однос на наплатените приходи во 2017 година. Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежен орган за целосна и навремена наплата на овие приходи потребно е да воспостави водна книга и соодветна евиденција на издадените дозволи за водно право со сите потребни податоци.

Со ревизијата на државни органи надлежни за приходите од градежното и земјоделското земјиште во сопственост на РСМ, како и доделените концесии за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минералните суровини констатиравме дека во Министерството за транспорт и врски и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство потребно е да се воспостави целосна и комплетна евиденција на побарувањата по основ на закупнина на градежно земјиште и земјоделско земјиште.

Задолжувањето во земјата се врши преку издавање на краткорочни или долгорочни хартии од вредност, кои ги издава РСМ, со цел прибирање на парични средства. РСМ издава континуирано

хартии од вредност и тоа државни записи како краткорочни и државни обврзници како долгорочни хартии од вредност. Во текот на 2018 година на домашниот пазар на капитал издадени се 41 долгорочни хартии од вредност–државни обврзници и 28 краткорочни хартии од вредност - државни записи, по кој основ остварени се приливи во вкупен износ од 56.566.252 илјади денари, што споредено со 2017 година е за 2.313.072 илјади денари помалку или 4%. Приливите од задолжувањето во земјата за 2018, 2017 и 2016 година се прикажани во следниот графикон:

Приливи од задолжување во земјата




Во 2018 година по основ на задолжување во странство, на сметката на Основниот буџет остварени се приливи во износ од 30.290.546 илјади денари, по основ на издадени државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал- еврообврзница на РСМ.

Во однос на структурата на извршените расходи и други одливи констатирано е дека најголемо учество имаат расходите за тековни трансфери кон вонбуџетските фондови кои учествуваат со 22,32% и расходите за социјални бенефиции со 17,83% во однос на вкупните расходи.

Структура на расходите и одливите на Основен буџет на РСМ за 2018 година




Реализираните расходи и други одливи во 2018 година во однос на 2017 година, се зголемени за 12%. Според структурата на реализираните расходи, најзначајно зголемување во однос на 2017 година се забележува кај отплатата на главнина 60%, субвенции и трансфери со 43%, додека најзначајно намалување има кај капиталните расходи за 17%.

Во однос на планираниот износ за 2018 година, вкупните расходи и одливи се реализирани во помал износ за 4.025.174 илјади денари или 2%.

Во текот на 2018 година од Основниот буџет на РСМ до Фондот за ПИОСМ трансферирани се средства во износ од 29.397.989 илјади денари, односно 3,29% повеќе во однос на 2017 година. Трансферираните средства се наменети за покривање на обврските по основ на пензиско и инвалидско осигурување, од причина што Фондот за ПИОСМ има недостаток на средства за исплата на пензии.

Расходите за субвенции и трансфери во 2018 година се извршени во вкупен износ од 18.809.305 илјади денари или 11,94% од вкупните расходи. Во однос на 2017 година, овие расходи се поголеми за 5.629.639 илјади денари или за 43%. Во 2018 година дел од овие средства, во износ од 3.032.383 илјади денари, се трансферирани за финансиска поддршка на општините согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски. Со наведениот закон опфатено е финансирање на 51% од вкупно пријавениот износ на доспеани, а неплатени обврски на општините и единките корисници во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските, заклучно со месец септември 2018 година.

Во 2018 година до политичките партии од оваа ставка се трансферирани средства во вкупен износ од 281.102 илјади денари, што е за 162,82% повеќе во однос на 2017 година, поради промената на законски утврдениот процент од 0,06% на 0,15% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ.

Со цел обезбедување и одржување на транспарентноста и отчетноста и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства, органите на државната власт, ЕЛС, установите и институции кои вршат дејности од јавен интерес, јавните претпријатија, трговските друштва, заводите, агенции, фондовите и други правни лица чиј основач е РСМ или ЕЛС имаат обврска да ги пријавуваат преземените обврски заради нивно евидентирање во Електронски систем за пријавување и евиденција на обврските, кој го управува и одржува Министерството за финансии. Од вкупно 1.371 субјекти, заклучно со декември 2018 година, во системот пријавени се обврски од 1.108 субјекти, во вкупен износ од 18.740.493 илјади денари. Целокупноста и навременоста на податоците за обврските на субјектите, претставува еден од предусловите за изработка на стратешките документи, потребни за отпочнување на постапката за планирање и донесување на Буџетот.

## АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) е јавна установа која е надлежна за редовна исплата на правата по основ на невработеност - паричен надоместок, придонес за пензиско осигурување за невработени лица кои имаат помалку од 15 години пензиски стаж, здравствено осигурување за примателите на паричен надоместок и материјално обезбедување. Во надлежност на АВРСМ е спроведувањето на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, кои ќе обезбедат создавање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите и корисниците на право на парична помош. Носител на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 е Министерството за труд и социјална политика, а неговата имплементација е во надлежност на АВРСМ и нејзините подрачни служби - Центрите за вработување.

Со извршената ревизија на елементите на финансиските извештаи за 2018 година на АВРСМ, со опфат на: Плати и надоместоци и Социјални бенефиции во делот на Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување констатирани се слабости во системот на интерни контроли во процесот на спроведување и исплата на средства за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, што создава ризик од неусогласеност со регулативите и Оперативните упатства во делот на:

- недонесени политики за сметководствено работење со утврдени методи за контрола за исплата на средства за активни програми и мерки за вработување кај Центрите за вработување и Централната служба, како и за начинот на евидентирање и известување по истите;

- не е изготвена сеопфатна анализа на одржливоста и ефикасноста на активните програми и мерки за вработување и долгорочни анализи за статусот на корисниците по истекот на предвидените рокови и нивно вработување;
- отсуство на целосен поврзан интегриран систем на евиденција на податоците за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност и евиденцијата на активните програми и мерки со базата на податоци за финансиско сметководствено работење, со што е оневозможено следење и контрола врз внесот и архивирање на податоците.

За реализација на вкупно 10 програми и мерки за вработување предвидени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во 2018 година од сметката на АВРСМ исплатени се вкупно 974.419 илјади денари или 39% од вкупните расходи за известувачкиот период предмет на ревизија.

Распределбата на расходите по програми и мерки е прикажана со следниот графикон:




Структурата на расходите за реализација на активните мерки и политики според намена и корисник како и нивната исплата е дадена во следниот приказ.




Во делот на спроведувањето на активните програми и мерки за вработување констатирани се состојби кои можат да придонесат за појава на одредени отстапувања во делот на потврдување на постигнување на целта на мерките, како и неможност за воспоставување на контроли на документацијата и за наменската исплата за мерката и тоа:

- несоодветно и нецелосно комплетирање на документација во предметот/досието во зависност од мерката и без доказ за мониторинг со теренски контроли кај работодавачите и корисниците на средствата, неможност за воспоставување на контроли на документацијата и за наменската

исплата за мерката, така што во целост не се постапува согласно Оперативните упатства за 2018 година;

- необезбедена документација од страна на Секторот за активни мерки и програми со која согласно Оперативните упатства би се потврдила реализацијата на активните програми и мерки за вработување спроведени со директното учество во имплементацијата од страна на УНДП, како што се бизнис план и спецификација прилог кон склучените договори, финансиска документација за набавка, документација за спроведување на обуките и активностите во следењето и мониторинг од страна на УНДП и координаторите од АВРСМ;
- за реализација на проектот „Креирање можности за работа за сите III" во 2018 година АВРСМ има извршено исплата на средствата на УНДП во вкупен износ од 405.881 илјада денари за кои нема обезбедено комплетна документација со која би се потврдиле набавките од страна на корисниците на грантот, а поради начинот на презентирање на расходите и обврските како и заштедите од страна на УНДП, ревизијата не изрази мислење за потрошените парични средства од сметката на АВРСМ и искажаните расходите во Биланс на приходи и расходи за 2018 година.

На овој начин е оневозможено сигурно финансиско управување и извршување на буџетот врз основа на ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства, што е превидено како едно од начелата уредени со Законот за буџети.

Во текот на ревизијата отпочнати се заеднички активности од страна на работната група на АВРСМ и УНДП за градење на капацитетите на АВРСМ почнувајќи од 2020 година.




За констатираните состојби од страна на ревизијата дадени се препораки, а во насока на надминување на истите од страна на Агенцијата е доставено писмено укажување за начинот на постапување од страна на центрите за вработување при спроведување на активните програми и мерки за вработување и обезбедување на потребната документација, како и вршењето редовни теренски контроли.

*Владата на РСМ во март 2020 година ја задолжи АВРСМ да подготви акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители на имплементација на дадените препораки во Конечните извештаи на овластениот државен ревизор.*

*На ден 24.02.2020 година до Државниот завод за ревизија доставена е Информација за преземени мерки од Агенцијата за вработување на РСМ по Конечен извештај со што не известуваат дека во најголем дел е постапено или е во тек постапувањето по дадените препораки.*

# ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на регуларност за 2018 година на Побарувањата, Даночните приходи, Трансферите и донациите и Социјалните бенефиции кои се дел од финансиските извештаи при што ги констатира следните состојби:

- Во вкупните приходи на Фондот во 2018 година кои изнесуваат 68.645.000 илјади денари, учеството на приходите од наплатен придонес во континуитет се намалува во однос на средствата кои се одвојуваат од Основниот Буџет на РСМ, при што, учеството на трансферираните средства во вкупните приходи се движи од 35,7 % во 2011 година до 43% во 2018 година. Зголеменото учество на трансферите од Основниот буџет е резултат на стапката на невработеност, висината на стапката на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, законските решенија за ослободување и повластено плаќање придонес, неповолниот сооднос на бројот на вработени и пензионери.




- Воспоставениот систем за утврдување, контрола и наплата на придонес не се базира на ажурно и целосно интегрирање и размена на податоци од институциите, што влијае на комплетноста на приходите, како и на ликвидноста на Фондот и одржливоста на пензискиот систем. Имено, институциите во системот за задолжително социјално осигурување, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување и Агенцијата за вработување, имаат посебни бази кои паралелно функционираат и меѓусебно се разликуваат по бројот и различниот третман на обврзниците и осигурениците. Договорот меѓу нив не предвидува обврска Управата за јавни приходи да ги доставува сите законски утврдени податоци поврзани со придонесите. Во такви услови Управата за јавни приходи доставува информации само за наплатениот дел на обврските.
- Со проектот поддржан од страна на Светска Банка се прави анализа за воспоставување единствен заеднички централен систем на регистар и база на податоци за сите осигурени лица, кој би го користеле сите институции.
- Поради некомпатибилноста на базите и несоодветната размена на податоците меѓу институциите, како и грешките при внесот, на сметката на Фондот континуирано се јавуваат голем број неконзистентни уплати на придонес, како и невалидни пријави што довело дел од осигурениците повеќе години да не се распоредуваат во вториот пензиски столб. Вкупниот износ на неидентификувани и неалоцирани уплати на 31.12.2018 година изнесува 111.407 илјади денари, бројот на констатирани нераспоредени осигуреници изнесува 12.103 лица, а уплатениот придонес за истите изнесува 918.534 илјади денари. За надминување на утврдените состојби, донесени се законски измени кои се спроведуваат во 2019 година, а овозможено е и Фондот да врши корекции по службена должност во системот на Управата за јавни приходи, со што се очекува разрешување на дел од проблемите и намалување на неконзистентните уплати.
- Поради несинхронизираност и непотполност на податоците од институциите кои претставуваат влезни информации, побарувањата по основ на неплатен придонес се нереално прикажани и за дел од истите не постои извесност за наплата. Овие побарувања во износ од 10.764.399 илјади денари учествуваат со 83% во вкупните побарувања на Фондот и се однесуваат на побарувања со состојба на 31.12.2008 година, а структурата и надлежноста за нивна наплата се прикажани на следниот графикон.




- Фондот нема доволно механизми за наплата на побарувањата настанати до 31.12.2008 година, а најголем дел од истите се од обврзници во ликвидација или стечај или со блокирани сметки, поради што во 2018 година се отпишани побарувања во износ од 1.203.999 илјади денари. Податоците за ненаплатените придонеси кои Управата за јавни приходи ги доставува до Фондот се нецелосни и се однесуваат само на неплатениот придонес на обврзниците кои доставиле пресметка, што влијае на комплетноста на искажаните побарувања.
- Вкупно исплатените пензии во 2018 година изнесуваат 53.912.048 илјади денари и учествуваат со 79% во Социјалните бенефиции, кои претставуваат 99% од вкупните расходи на Фондот. Со направената анализа на законитоста на постапките за утврдување на правата и исплатата на пензиските примања и точноста на прикажаните податоци, констатиравме повеќе состојби:
    - Користењето на различни видови технологии при внесување на податоци и слабостите во чувањето и архивирањето на документацијата во матичната евиденција во изминатиот период, го оневозможуваат потврдувањето на веродостојноста и целосноста на податоците потребни за остварување на правата;
    - Воспоставениот систем на остварување на правата и исплатата на пензиите не секогаш обезбедува точност и навременост во постапката и нема доволно контроли за покривање на ризикот од неправилна примена на одредбите од законските, подзаконските и интерните акти;
    - Надлежните институции не секогаш навремено и комплетно ја доставуваат потребната документација во услови кога не е вградена контрола за престанок на одредени права. За утврдените случаи на извршена исплата по истек на законски утврденото право евидентирани се побарувања, но повратот на истите е со забавена динамика и
    - Поради забавената комуникација и размена на информации со пензиските фондови во странство, решенија за остварување на права согласно меѓународни договори за социјално осигурување се донесуваат со задоцнување од повеќе години.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки Фондот во соработка со надлежното министерство да продолжат со спроведувањето на проектите и да ги разгледаат можностите за поактивно учество на Фондот во креирањето на политиките и носењето на законски решенија, како и унапредување на соработката со институциите со цел во наредниот период да се надминат утврдените состојби.

Ревизијата укажува на потребата надлежното министерство да преземе активности за преиспитување на законските решенија за утврдување на износите на најниските и највисоките пензии, обезбедување социјална сигурност на земјоделците, во функција на доследно почитување на начелото на социјална праведност.

Започнувајќи од 01.01.2020 година стапуваат на сила зголемени стапки на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и за здравствено осигурување што ќе придонесе кон зголемување на изворните приходи на фондовите.

*По доставување на Конечниот извештај до надлежните органи, Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија до Владата на СРМ достави мислење во кое известува дека министерството во соработка со ФПИОСМ утврди акциски план со потребни активности и рокови на постапување по дадените препораки.*

*Владата на РСМ во март 2020 година го задолжи ФПИОСМ да подготви акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители на имплементација на дадените препораки во Конечните извештаи на овластениот државен ревизор.*

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на регуларност на Договорните услуги во делот на сметката Здравствени услуги и Социјални бенефиции кои се дел од финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и кои во 2018 година изнесуваат вкупно 28.947.155 илјади денари, односно 98,44% од вкупните расходи. Со извршената ревизија констатирани се слабости во делот на интерните контроли кои се однесуваат на потврдувањето на реалноста и објективноста на фактурираниот број и видови на извршени медицински интервенции реализирани од приватни здравствени установи, со кои Фондот има склучено договори.

Констатирани се неправилности и слабости во спроведување на постапките за лекување во странство за кои во текот на 2018 година се исплатени вкупно 407.881 илјади денари. Движењето на висината на исплатени средства за оваа намена за последните 5 години е дадена во графиконот подолу.




Постапката за лекување во странство е доста сложена и долготрајна, не обезбедува соодветна правна заштита на барателите и за истата не е предвиден организационен облик со делегирани надлежности, следење и контрола на активностите на овој процес, особено во услови кога не е воспоставена ex-post контрола. За оваа постапка не е воспоставен систем на следење на статусот на лекувањето во странство и обезбедување на уредни и веродостојни документи и не се прават анализи на успешноста на лекувањето во поедини болници.

Во делот на обелоденување утврдени се недоследности кои се однесуваат на начинот на утврдување на годишниот буџет на јавните здравствени установи, а во врска со не воспоставен сооднос помеѓу нивото на извршени услуги и нивното надоместување од страна на Фондот, поради што не е

обезбедено вистинско купување на услуги од јавните здравствени установи на начин кој е предвиден со Законот за здравствено осигурување. Имено, Фондот е принуден да обезбеди средства за целосно функционирање на оние јавни здравствени установи кои не се во можност да остварат доволен обем на услуги или да се вклопат во постоечкиот систем на вреднување на здравствените услуги, наместо да ги надоместува реално извршените здравствени услуги. Како резултат на ова јавните здравствени установи не се во можност целосно и навремено да ги сервисираат обврските кон добавувачите што доведува до создавање на долгови.

Движењето на висината на долговите на јавните здравствени установи за периодот 2014-2018 година е прикажан со графикон.




## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Со Годишната програма на Државниот завод за ревизија за 2019 година извршена е ревизија на Народната банка на Република Северна Македонија во делот на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација, заедно со ревизија на усогласеност и издадено е мислење без резерва. Со цел континуирано и ефикасно извршување на функциите, Народната банка донесува План за инвестиции на основни средства, кој претставува Годишен план за инвестиции и Аналитички план за инвестиции за период од три години. Најзначајна инвестиција е изградбата на новиот деловен објект на Народната банка за којашто е склучен договор во октомври 2016 година во вкупен износ од 1.477.332 илјади денари, за кој во 2018 година се реализирани средства за инвестиции во износ од 128.060 илјади денари. Изградбата сеуште е во тек и согласно анексот од 2019 година, крајниот рок за завршување на работите е предвиден за март 2021 година.

Народната банка донесува и Годишен финансиски план којшто претставува рамка за финансирање на расходите на Народната банка. Финансискиот план се состои од план на приходи и расходи коишто произлегуваат од монетарните активности, оперативното работење и од други активности поврзани со остварувањето на законски пропишаните цели.

Оперативните трошоци на Народната банка во 2018 година се реализирани во износ од 654.961 илјади денари што во однос на 2017 година е за 17% помалку, кога се реализирани во износ од 792.792 илјади денари.

Ревизијата констатира дека реализација на активности од Планот за инвестиции во основни средства и од Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година, се во согласност со релевантните прописи.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Со ревизијата на финансиските извештаи на Министерството за информатичко општество и администрација за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност утврдени се состојби за кои се дадени препораки за нивно надминување и тоа: обезбедување на комплетна документација за потврдување на правото на користење на сите деловни објекти кои ги користи министерството, осигурување на целокупниот имот на министерството, поголема ефективност на внатрешната ревизија, како и навремено, целосно и хронолошко евидентирање на обврските кон добавувачите.

Во функција на развој на информациските и комуникациските технологии и јакнење на капацитетите на јавната администрација, министерството континуирано спроведува проекти финансирани со средства предвидени во рамки на Потпрограмата НА–Развој и имплементација на информациски и комуникациски технологии од развојниот дел на Буџетот на РСМ.

Со ревизијата е констатирано дека во Интегрираниот систем за управување со човечки ресурси, кој има за цел квалитетно управување со човечките ресурси како на ниво на институција така и на ниво на јавен сектор, намалување на трошоците поврзани со управувањето со вработените, планирање на нивниот развој и унапредување, но не се врши навремено и целосно внесување на податоци во системот од страна на институциите, не се врши нивно ажурирање, поради што Регистарот на вработените во јавниот сектор сеуште не нуди комплетни, навремени и целосни податоци, како би се оствариле основните цели за кои истиот е воспоставен.

Системот за интероперабилност односно Македонска информациска магистрала - претставува „пат“, односно канал за размена на информации и податоци помеѓу институциите кои се приклучени на истата. Утврдивме дека на платформата за интероперабилност приклучени се вкупно 32 институции, но само половина од нив вршат размена на податоци. Укажавме на потребата министерството да ги преиспита причините за нецелосната искористеност на платформата на дел од институциите кои веќе се приклучени, нивната реална потреба од податоците и информациите кои истата ги нуди, како и можноста за приклучување на други институции кои имаат потреба од ваквата размена на податоци и информации.




Системот за управување со документи претставува унифициран систем кој треба да овозможи процесирањето на документите во државните институции да се одвива целосно електронски. Состојбата во поглед на искористеноста на системот во институциите каде е имплементиран упатува на потреба од преземање на активности за зголемување на искористеноста на модулите во сите институции каде истиот е воведен, дотолку повеќе што министерството има обврска за континуирано одржување што предизвикува расходи на буџетот.

Министерството користи изнајмен облак (Cloud) платформа за хостирање на системите, за што во текот на 2018 година склучило договор за изнајмување а неговата реализација е во тек.

Централен регистар на население претставува проект кој треба да овозможи формирање на единствена база на податоци која ќе обезбеди ажурирани информации за населението во РСМ. Во септември 2018 година воспоставена е првата верзија на Централниот регистар на население, но неговата целосна имплементација сеуште е во тек.

Целта на проектот Една точка за услуги е да овозможи граѓаните на едно место да можат да добијат информации и услуги од различни државни и јавни институции. Проектот е отпочнат со реализација

во 2015 година. Во февруари 2019 година е отворен првиот Центар за услуги во Скопје, со што граѓаните на едно место добиваат услуги од 10 различни институции. Министерството продолжува со активности во насока на развивање и оформување на целиот концепт за воспоставување на принципот на „едно шалтерски систем", преку Центри за услуги во поголемите градови во државата.

*Државниот завод за ревизија укажува на потребата од интензивирање на мерките и активностите на Министерството за информатичко општество и администрација за целосна имплементација на отпочнатите проекти, со цел усогласување со меѓународни стандарди на функционирање на органите на државната управа, континуиран развој на ИТ инфраструктурата и зајакнување на безбедносните аспекти, подобрување на функционирањето на институциите и воспоставување на ефективноста и ефикасноста на е-управувањето во државата.*

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Со извршената ревизија на регуларност на Министерството за економија за 2018 година е констатирано дека извршената распределба на финансиски средства на 16 кластерски здруженија за реализација на проекти, не е согласно утврдените бодови од страна на Комисијата за разгледување на барањата за доделување на средства за поддршка и развој на кластерското здружување, при што три кластерски здруженија на кои им биле доделени парични средства за реализација на проекти за кои аплицирале, не ги реализирале проектите, а неискористените средства не ги вратиле на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија во утврдениот рок.

Министерството за економија користи патнички моторни возила за службени цели, но во услови кога е констатирано ненаменско користење на средствата не се почитува Интерната процедура за начинот на користење и одржување на истите.

Пречистителна станица како дел од комплексот „Македонско село" сеуште се води во деловните книги на министерството, заради тоа што не е донесена Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари, како основа да се изврши пренос на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Не е извршено целосно пренесување на геолошката документација од министерството за економија на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија како надлежно правно лице кое врши архивирање, управување и издавање на геолошката документација.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата обелоденува за состојбите кои се истакнати во повеќе досегашни ревизии кај овој субјект, а се однесуваат на отплатата на главнината и плаќањето на каматата на заем од Светска банка од 2005 година за Проектот за реформа на деловното и институционално зајакнување, во износ од 8,8 милиони евра, на кој корисници се повеќе институции, при што се врши плаќање само од средствата кои се обезбедуваат во Буџетот на Министерството за економија, иако според договорот дел треба да се отплаќа и од корисниците на кредитните средства, Народната банка на РСМ и Централниот регистар на РСМ.

*Врз основа на заклучок на Владата на Република Северна Македонија од страна на министерството е изготвен акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.*

*Во текот на 2020 година од страна на ревизија извршена е проверка на преземените мерки во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај при што е констатирано дека од одговорното лице на министерството преземени се мерки и најголемиот дел од констатираните слабости се надминати.*

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на сметката на основниот буџет на Министерството за транспорт и врски преку која се реализирани повеќе програми.

Со извршената ревизија беа констатирани следните состојби:

- во финансиските извештаи, во рамките на позицијата материјални средства во подготовка, евидентирани се градби финансирани преку Програмите за изградба на пешачки патеки и изградба на плажи и други програми, кои се завршени и со години се во употреба, но за истите не е извршено примопредавање со општините каде што истите се изградени;
- евидентиран е дел од деловниот простор со кој министерството располага, но за истите не се обезбедени имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности, додека во деловните книги не е евидентиран деловниот простор Капетанија на пристаништето во Охрид за кој имаат обезбедено имотен лист.

Имајќи ја во предвид значајноста на остварувањето на приходите од наплата на трошоци од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ, министерството има потреба од донесување Процедура за евидентирање на наведените приходи.

За надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности.

Покрај наведените состојби, ревизијата ги истакна и состојбите кои имаат влијание врз работењето на министерството, и тоа:

- во август 2018 година, со Одлука на Владата на РСМ за пренос на акции, заради сопственичко раздвојување на Операторот на електро-преносниот систем (АД МЕПСО) од Владата на РСМ, Министерството стана сопственик на Операторот на електро-преносниот систем (АД МЕПСО);




- предвидените средства во Буџетот на РСМ за субвенционирање на јавна услуга за превоз на патници во железничкиот сообраќај не се доволни да ги покријат трошоците за транспортни услуги на превозникот во државна сопственост, поради што се доведува во прашање обезбедувањето на квалитетна услуга од јавен интерес – превоз во железничкиот сообраќај;
- во услови кога не е донесена Национална програма за железничка инфраструктура за 2017-2019 година, за железничка инфраструктура се издвојуваат помалку средства од предвиденото законско право; и
- за исплатените средства на општините од Буџетот на министерството, за реализација на проектот Поддршка и имплементација на декадата и стратегијата на Ромите, согласно Одлуката на Владата на РСМ, не се склучени договори за наменското користење на средства со општините.

*Врз основа на заклучок на Владата на Република Северна Македонија од страна на министерството е изготвен акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.*

*Во текот на 2020 година од страна на ревизијата извршена е проверка на преземените мерки во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај при што е констатирано дека од страна на одговорното лице на министерството преземени се мерки и најголемиот дел од констатираните слабости се надминати.*

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Со извршената ревизија на регуларност на Министерството за труд и социјална политика за 2018 година, констатирани се следните состојби:

- податоците во сметководствената евиденција и бруто билансот не се усогласени со годишната сметка на министерството за 2018 година, поради што податоците во годишната сметка нереално ја отсликуваат фактичката состојба на работењето;
- утврдени се недоследности при извршување на пописот на средствата, побарувањата и обврските, како и при усогласување на состојбата искажана во сметководството со фактички утврдената;
- не е воспоставена точна и ажурна евиденција на податоците за промените и состојбите кај постојаните средства, обврските и побарувањата;
- недоследно почитување на критериумите при распределба на блок дотациите за социјалната заштита и заштита на децата по општини, како и отсуство на конкретни, јасни и применливи критериуми при распределбата на средствата од Законот за игрите на среќа и за забавните игри кон организации и здруженија кои вршат дејност во областа на социјална заштита.

Структурата на расходите направени за исплата на средства за парична помош од социјална заштита во најголем дел се однесуваат на паричен надоместок за: помош и нега од друго лице (туѓа нега), постојана парична помош, додаток за мобилност и слепило и социјална парична помош. Во насока на преземање на натамошни активности од страна на надлежните органи при планирањето и обезбедувањето на средства за исплата на правата на корисниците, ревизијата со графички приказ го презентира движењето на исплатите за период од девет години.



## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Со извршената ревизија на регуларност на Државниот завод за статистика за 2018 година утврдени се слабости кај внатрешни контроли во системот на безготовинското плаќање, кај благајничкото работење и во следењето на реализација на склучените договори. Дадени се препораки за донесување интерни акти со кои ќе се пропише и воспостави систем на внатрешни контроли, имајќи предвид дека Државниот завод за статистика е организиран како генералната дирекција со осум регионални одделенија. Констатирани се слабости во спроведениот попис на книгите во библиотека, уметничките слики и залихите на материјали, за што дадени се препораки за унапредување на начинот на вршење на попис.

Државниот завод за статистика пропишува инструменти за статистичките истражувања, подготвува национални статистички стандарди, за што прибира и обработува статистички податоци, врши анализа на истите, подготвува статистички прогнози, трендови и модели, за кои активности ангажира лица за извршување на интелектуална работа врз основа на договор за дело. Во 2018 година по овој основ ангажирани се вкупно 227 лица за 12 анкетни истражувања, без дефинирани критериуми за евалуација и избор на кандидатите, како основ на нивното ангажирање за одредено анкетно истражување. Препорачано е да се пропише постапка за начинот на избор на лицата анкетари, во насока на зголемување на транспарентноста и конзистентноста во постапките.

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

Извршена е ревизија на регуларност на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2018 година. Ревизијата утврди дека задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се формираат со набавки кои ги спроведува Дирекцијата, врз основа на динамика утврдена во среднорочна петгодишна програма и годишна програма за 2018 година. Динамиката на формирање на задолжителните резерви е нарушена, од причина што во текот на 2018 година планираните постапки за набавка на задолжителните резерви не се реализирани, поради не доставена ниту една понуда.

Средствата наменети за покривање на трошоците за редовно работење на Дирекцијата, се обезбедуваат од надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз на нафтени деривати и при производство на истите.

Во текот на 2018 година, Дирекцијата остварила приходи само по основ на наплата на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз на нафтени деривати, во вкупен износ од 584.482 илјади денари. Приход по основ на уплатен надоместок за пуштање во промет, односно испорака на произведени нафтени деривати од складиштата на производителот не е остварен, од причина што од 2015 година не постои производен процес на нафтени деривати во РСМ.

Констатирано е дека во Дирекцијата не е воспоставена евиденција на вкупните побарувања од обврзниците за плаќање на надомест за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и не е извршено квартално усогласување помеѓу Дирекцијата и Царинската управа на РСМ на податоците за уплатениот надоместок од страна на обврзниците.

Со цел исполнување на законската обврска за чување и обновување на задолжителните резерви Дирекцијата има склучено договор со три трговски друштва – складиштари, кои имаат обврска да вршат обновување на задолжителните резерви преку замена на постојаните залихи на нафтени деривати со нови количини, заради зачувување на нивните физичко-хемиски својства. Во 2014 година еден од трговските друштва се откажува од управувањето со два склада, поради што започнувајќи од 2015 година, одговорноста за нивно чување и обновување останува на Дирекцијата. И покрај преземените иницијативи за обновување на нафтата и нафтените деривати во овие два склада, до денот на известување на ревизијата не е извршено нивно обновување.

Во изминатиот период дел од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се издаваат врз основа на Одлуки на Владата на РСМ, во случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати за државните органи, јавните претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции основани од државата што вршат дејност од јавен интерес и за општините, заради непречено извршување на нивните активности утврдени со закон.

Во 2014 година донесен е нов Закон за задолжителни нафтени резерви, со цел усогласување на македонското законодавство со Директивата 2009/119/ЕУ на Советот на Европската Унија за чување и одржување на минимум залихи на нафтени деривати. Примената на овој закон неколку пати се одложува и со последната измена донесена во декември 2019 година, законот ќе се применува од 01.01.2021 година. Согласно одредбите од овој закон, не се овозможува користење на задолжителните резерви за други намени и цели, со што ќе се спречи и намалувањето на количините на нафта и нафтени деривати со кои треба да располага Дирекцијата.

## МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Акционерско друштво „Медиумска Информативна Агенција" – Скопје во државна сопственост (МИА).

МИА функционира без соодветно дизајниран систем на внатрешни контроли пред се во делот на благајничкото работење и во пресметката и исплатата на платите.

Констатирани се слабости во спроведениот попис на побарувањата заради неутврдениот правен основ за нивното постоење и старосната структура на истите, со цел да се покренат постапки за нивна наплата.

За непречено вршење на новинарски и дописнички услуги од други градови во РСМ и странство и обработка на вести, МИА ангажира надворешни соработници за што се склучуваат авторски договори преку агенција, која врши пресметка и исплата на авторските хонорари. Во текот на ревизијата, по доставено барање, извршен е поврат на средства на сметка на МИА, по основ на повеќе пресметан и платен персонален данок на доход. Препорачавме вршење проверка и контрола на целокупната документација по овој основ.

МИА е основана со Одлука на Собранието на РСМ од 1992 година, со која е предвидено финансирањето да се врши од Буџетот на РСМ во износ од 50.000 илјади денари како и од сопствени приходи од продажба на производи и услуги. Досегашното финансирање на МИА упатува на потреба од системско уредување на начинот на финансирање на работењето на МИА, како новинарско-медиумски сервис од државен и јавен интерес.

## НАЦИОНАЛНИ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Во 2019 година согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија на регуларност кај три национални установи од областа на културата и тоа: ,,Македонски народен театар", Музејот на македонската борба за самостојност во Скопје и Националната установа Центар за култура Иво Антевски Смок во Тетово. Овие национални установи се основани заради остварување на националниот интерес во областа на културата.



Дел од утврдените состојби се заеднички кај трите национални установи и истите се значајни за секоја установа посебно:

- не е воспоставен систем на контроли и пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на документацијата;
- нереално се проценети билансните позиции во финансиските извештаи, а пописот на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31 декември 2018 година не е целосен и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба во услови кога институциите немаат назначено одговорни сметководители;
- планирањето на јавните набавки е неефикасно и не се врши врз основа на реалните потреби и трошоци и утврдени се неправилности во спроведувањето на постапките за јавни набавки;
- не е обезбедена соодветна поткрепувачка документација за реалноста и објективноста на дел од евидентираните расходи;
- во НУ Македонскиот народен театар за исто работно место со ист степен на сложеност, на различни извршители им се исплаќаат плати со различни коефициенти на сложеност, што ги доведува вработените во нееднаква положба;
- во НУ Македонскиот народен театар во минати години преземени се финансиски обврски над обезбедените средства од Министерството за култура и од други извори, со што се доведува во прашање нивното подмирување како и целосната реализација на Годишната програма;
- остварени се приходи од закуп на салите на НУ Македонски народен театар без донесен ценовник за видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување;
- во НУ ЦК Иво Антевски Смок Тетово, Управниот одбор не е конституиран и не функционира во полн состав, поради што не е дадена согласност на Нацрт-годишната програма за 2018 година и не се усвоени Годишниот извештај за работата и Завршната сметка за 2018 година на установата;
- во НУ ЦК Иво Антевски Смок Тетово за остварените приходи од закуп на деловен простор не е спроведена постапка за јавно надавање согласно Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на РСМ, при што приходот е остварен во помал износ, заради тоа што е остварен врз основа на стари договори од 2004 и 2005 година и по цена пониска од законски утврдената;
- обврските по основ на ДДВ кои се пренесени обврски на установата не се евидентирани во сметководствената евиденција, не се искажани во даночната пријава и не е извршено нивно плаќање. Обврските за ДДВ произлегуваат од капиталната инвестиција - изградба на Театар и библиотека во Тетово за која од започнување на инвестицијата до периодот на ревизијата по времени ситуации платени се средства во износ од 750.139 илјади денари;
- во Музејот на македонската борба за самостојност нема извршено ревизија на музејски предмети согласно Закон за музеите каде е пропишано дека музеите се должни да вршат ревизија на музејските предмети најмалку на секои 5 години, со цел да се утврди состојбата на музејските предмети и потребата за преземање на соодветни мерки за нивна ефикасна заштита и
- Кај Музејот во процесот на остварување и евидентирање на приходите од продажба на билети утврдени се ризици кои може да влијаат на точноста и целосноста на приходот.

За надминување на состојбите дадени се препораки со чија имплементација ќе се надминат констатираните состојби.

*Во 2019 година од страна на Министерството за култура извршена е нивелација на платите на вработените во установите од областа на културата на ниво на дејности, со склучување на Анекс на Колективните договори за имплементација на нивелираните коефициенти.*

## БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година со ревизија на усогласеност на Биро за регионален развој утврдени се состојби кои се однесуваат на системот на внатрешни контроли, усогласеност со закони и прописи и на финансиските извештаи и тоа:

- Не е воспоставен систем на внатрешни контроли и не се донесени процедури за движење на документацијата и систем за следење и контрола на сметководствената документација;
- Бирото нема интерна процедура за начинот и постапката на прием на проекти, изработување на Листи за предлог проект, доказ за нивно проследување до Комисијата за оцена на проектите, како и начинот на вршење на контрола на терен, што доведува до ризик во веродостојноста, целосноста и реалноста во постапувањето на Бирото по однос на пристигнатите проекти;
- Исплатени се аванси врз основа на две Програми за рамномерен регионален развој за 2018 година со склучување на Анекс кон основните договори во декември 2018 година при што средствата се уплатени на Центрите за регионален развој со обврска истите да останат на нивна сметка, се додека не добијат писмена согласност од Бирото за да извршат исплата на добавувачите;
- Во финансиските извештаи, евидентирани се долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата во износ од 132.377 илјади денари за кои Бирото не поседува докази, состојбата потекнува од минати години, а се однесува на средства кои се наследени од Републичкиот фонд за кредитирање на стопански недоволно развиените подрачја.



Утврдени се состојби кои се должат на слабости во законското решение за рамномерен регионален развој како и состојби на не имплементирани законски одредби од други надлежни органи, а кои имаат влијание на работењето на ревидираниот субјект. Овие состојби се надеваме дека ќе бидат предмет на интерес на надлежните органи, со цел нивно надминување и подобрување на состојбите за поттикнување на рамномерниот регионален развој. Во таа насока истакнато е следното:

- Владата на РСМ има донесено две програми, за рамномерен регионален развој за 2018 година, за кои се планирани средства во буџетите на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за исти активности, одговорното лице на Бирото склучува договори во име и за сметка на МЛС, а од страна на Бирото се врши следење на реализацијата на проектите од двете програми, што доведува до преклопување на активностите и ризик од можни грешки во исплатата по Програмите за рамномерен регионален развој. Ревизијата смета дека Владата на РСМ треба да ја разгледа можноста за донесување само една Програма за рамномерен регионален развој за чија реализација ќе биде надлежно Бирото.
- За 2018 година за поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на РСМ не се издвоени средства најмалку од 1% од БДП, утврдени со Законот за рамномерен регионален развој. Ревизијата истакнува дека ако се земат во предвид средствата за развој предвидени во секторските програми на другите буџетски корисници процентот ќе биде приближен на законскиот лимит, но треба да се има во предвид фактот дека распределбата на средствата кај истите не се врши според Законот за рамномерен регионален развој и степенот на развиеност на планските региони, односно не се почитува принципот „рамномерност" при распределбата на средствата во сите плански региони, при што се нема увид во начинот на реализација на истите. Ваквиот начин на издвојување на средства од Буџетот на РСМ не овозможува реализација на специфичните мерки и инструменти насочени кон намалување на регионалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив регионален развој во РСМ.

## УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ

Извршена е ревизија на регуларност за 2018 година кај Управата за хидрометеоролошки работи и утврдени се одредени состојби.

Во управата работењето се карактеризира со недоследности при пресметка и исплата на плати. За состојбата за средствата побарувањата и обврските е спроведен нецелосен попис со што делумно е потврдена состојбата на имотот. Во неколку постапки е констатирано нецелосно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки. Средствата остварени од услугите од метеорологија, хидролошки мерења, услуги за следење на состојбите на загадената животна средина се уплатени на сметката на Управата, иако согласно законската регулатива претставуваат приход на Буџетот на РСМ.

*Владата на РСМ во март 2020 година го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управата за хидрометеоролошки работи да пристапи кон подготвување на Акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители на имплементација на дадените препораки во Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор.*

*На ден 18.03.2020 година Управата за хидрометеоролошки работи достави до Државниот завод за ревизија информација со која известува дека во најголем дел е постапено или е во тек постапувањето по дадените препораки од Конечните извештаи на овластениот државен ревизор.*

## ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамките на областа на високото образование, извршена е ревизија на финансиските извештаи за 2018 година со ревизија на усогласеност на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.

Собранието на Република Северна Македонија, на 25.12.2015 година, има донесено Закон за основање на Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје како највисока автономна високообразовна и научна установа со 5 единици во својот состав, и тоа: Факултет за градежништво и архитектура, Факултет за информатички науки, Факултет за технички науки, Факултет за технолошки науки и Факултет за социјални науки.

Од почетокот на конституирањето со Универзитетскиот Сенат па се до првата половина на 2019 година, раководи и претседава Ректорот на Универзитетот, иако согласно Законот за високо образование ректорот и проректорите немаат право да бидат избрани за претседател на Сенатот. Не спроведувањето на законските одредби за избор на претседател на Сенатот има влијание врз законитоста и статутарното работењето на Сенатот како и носењето на одлуките. Од страна на Универзитетот не е основан Универзитетски совет како надлежен орган во надгледувањето на извршувањето на дејноста на Универзитетот.

Во рамките на Универзитетот за три факултета не е исполнет условот најмалку 10 лица со наставно научни звања да бидат во работен однос со полно работно време за изведување на настава на студиските програми за кои е добиена акредитација. Ваквата состојба има влијание врз целокупното функционирање на наставниот процес и остварување на развојниот план за одржување на настава.

Со извршениот увид во дел од персоналните досиеја на наставно научниот кадар, ревизијата утврди дека истите не содржат комплетна и веродостојна документација со која би се докажала исполнетоста на условите и критериумите за избор во наставно научни звања.

Во дел од одлуките за избор на наставно - научно звање не е наведен рокот за кој се врши изборот предвиден со одредбите од Закон за високото образование, каде е регулирано дека доцент, вонреден и редовен професор се избираат за време од пет години. По извршениот избор, со лицата склучени се договори за вработување во звањето за кое се избрани на неопределено време.

Во однос на користење на средствата констатирани се исплати на надоместоци од плата за извршени активности надвор од вообичаените работни обврски, врз основа на донесени решенија од страна на ректорот во паушални износи, без прецизни критериуми/бодови за распределба на средствата во зависност од обемот и степенот на сложеност на извршените работи и работни задачи.

Распределбата на средствата по основ на партиципација и кофинансирање за студирање се врши без изготвен Правилник за внатрешна распределба на финансиите.

Пописот на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2018 година не е извршен на начин предвиден со законската регулатива.

Добиен е објект со Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари, но истиот не е сметководствено евидентиран, што има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата во деловните книги.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки до надлежните служби и органи.

## ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ



Здравствената заштита опфаќа систем на општествени и индивидуални мерки, активности и постапки за: зачувување и унапредување на здравјето, спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето, навремено и ефикасно лекување и здравствена нега и рехабилитација. Здравствената дејност е од јавен интерес и се врши на примарно, секундарно и терцијално ниво на здравствена заштита од страна на јавни и приватни здравствени установи.

Со спроведените ревизии на регуларност на здравствениот систем констатирани се состојби кои во најголем дел се повторуваат како и во претходниот известувачки период, а меѓу другото се однесуваат на:

- неусогласени акти за внатрешна организација и систематизација на работните места со соодветната законска регулатива;
- нецелосно спроведен попис на средствата и обврските;
- отсуство на целосна и ажурна евиденција на медицинската опрема и воспоставен ефикасен систем на следење и одржување на истата;
- неправилности во начинот на евидентирање на добиените средства по пат на донација;
- несоодветна евиденција на приемот и потрошокот на залихите на лекови и медицински потрошни материјали по организациони единици и по пациент;
- необезбедена комплетност на приходите за извршени здравствени услуги;
- непреземени активности за навремена наплата на побарувањата за извршените здравствени услуги;
- селективно и нехронолошко измирување на доспеаните обврски;
- нецелосно воспоставен електронски систем за евиденција на работно време и недоследности во пресметките и исплатите на плати и надоместоци од плата;
- незаконска исплата на парични награди на вработени и
- недоследно применување на одредбите од Законот за јавни набавки во постапките за доделување на договорите за јавни набавки и следењето на реализацијата на склучените договори.

За констатираните состојби дадени се препораки со чија имплементација ќе се надминат констатираните состојби.

*Владата на Република Северна Македонија за сите доставени ревизорски извештаи донесе заклучоци со кои Министерството за здравство треба да ги задолжи Јавните здравствени установи предмет на ревизија да подготват акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители на имплементација на дадените препораки во Конечните извештаи на овластениот државен ревизор.*

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Во текот на 2019 година извршена е ревизија на регуларност за 2018 година, кај две единици на локална самоуправа Општина Струга и Гостивар при што се констатирани следните состојби:

При оценка на системот на внатрешни контроли во одделни процеси, кај ревидираните општини, се утврди дека истиот делумно или не е воспоставен или не функционира во процесот на прибирањето на приходи и извршување на расходите и во процесот на планирањето на буџетот на општината, поради што постои ризик од отсуство на целосност и навременост на остварување на приходите во делот на даноците на имот и комуналната такса за истакнување на фирма, како и ризик од донесување на буџет заснован на нереално планирани приходи и расходи.

Во услови на значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи на буџетот, не е постапено согласно законската регулатива и не е донесен ребаланс (измени и дополнувања на буџетот) или и во услови на донесен ребаланс на буџетот не е извршено нивно усогласување, што создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година. За оваа појава на нереално буџетирање кај дел од единиците на локална самоуправа, Државниот завод за ревизија известуваше во поединечните ревизорски извештаи, како и во претходните годишни извештаи.

Кај ревидираните единици на локална самоуправа, буџетот не содржи развоен дел, односно планови на програми за развој, не се донесени годишни програми за уредување на градежно земјиште и за работа од областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на РСМ, не се изготвени годишни извештаи за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, а годишните извештаи за работењето на општината за 2018 година не се комплетни.

Регистрите на недвижен и движен имот на даночните обврзници не се целосни или несоодветно се водат, нецелосно е извршен попис на побарувањата (правен основ и старосна структура), за кои извештајот за попис е ненавремено донесен, не се реално прикажани побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, даноците на имот и комуналните такси во деловните книги и финансиски извештаи, навремено не се преземаат мерки и активности за наплата на побарувањата поради што дел од нив застаруваат и не постои можност за нивна наплата.

Кај Општина Гостивар утврдувањето и наплатата на данокот на имот на градежно и земјоделско земјиште се врши согласно донесена Одлука за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот – градежно земјиште, дворно место и земјоделско земјиште, која не е усогласена со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот што предизвикува помалку остварени приходи по овој основ.

Не е извршен надзор над наплатата на таксата за привремен престој за 2018 година, не се остваруваат приходи од надоместок за одржување на јавна чистота и приходи од комунални такси за користење на музика во јавните локали, додека комуналната такса за користење на плоштад и друг простор во градовите и други населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност не се наплаќа согласно Одлуката за висината на комуналните такси.

За доделеното градежно земјиште за закуп за плажи од страна на општината Струга не се преземени мерки за постапување согласно законските и подзаконските акти, како и за непридржување кон одредбите од склучените договори со закупците, поради што се дава можност за бесправно користење на истото, со што нецелосно се остварува приходот по овој основ.

Кај ревидираните единици на локална самоуправа, констатирани се случаи на непочитување на законските прописи и интерните акти, а се однесуваат на начинот на водење на деловните книги, сметководствените документи, пописот, презентирањето на податоците во финансиските извештаи, капиталните расходи, исплати на средства по разни основи, неевидентиран имот, необезбедени имотни листи за имотот добиен со делбените биланси.

Поради недоволна комуникација помеѓу Општината и единките корисници на средства од блок дотациите, нетранспарентноста при распределба на блок дотациите по единки корисници, на сметката на приходи на буџет на дотации, на крајот на 2018 година постојат неискористени парични средства, а во исто време единките корисници имаат неплатени обврски.

*Во текот на 2020 година од страна на ревизија извршена е проверка на преземените мерки во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечните извештаи при што е констатирано дека од одговорното лице на Општина Струга и Општина Гостивар се преземени мерки и дел од констатираните слабости се надминати.*

## ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ ТЕТОВО

Во текот на 2019 година извршена е ревизија на регуларност за 2018 година, на Јавното претпријатие Градски паркинг Тетово. Јавното претпријатие во текот на 2018 година функционира во услови кога не е избран директор на ЈП „Градски паркинг - Тетово" на јавен конкурс, а со претпријатието раководи в.д. директор од неговото основање од 2014 година. Бројот на членовите на Управниот одбор избран со Одлука од Советот на Општина Тетово е поголем од бројот пропишан со Статутот.

Своите надлежности ги извршува без добро воспоставен систем на внатрешни контроли со што е зголемен ризикот во делот на приемот и движењето на документацијата, пресметката на платата и целосно и навремено наплатување на приходите.

Во текот на 2018 година јавното претпријатие е задолжено преку договори за позајмица без донесен акт од страна на Управниот одбор и основачот Општина Тетово.

За недвижностите, постројките, опремата, нематеријалните средства, паричните средства и други тековни средства и тековни обврски не е извршен попис со што е зголемен ризикот од целосно и навремено евидентирање и наменско користење на средствата и потврдување на ненаплатените побарувања и неплатените обврски. Јавното претпријатие функционира со висок контролен ризик заради фактот што не е воспоставено благајничко работење согласно законската регулатива, што предизвикало разлики помеѓу паричните средства искажани во финансискиот извештај – Биланс на состојба и на сметката во банката.

За надминување на состојбите дадени се препораки со чија имплементација се очекува во наредниот период да се надминат констатираните состојби.



# АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ

Извршена е ревизија на регуларност за 2018 година на акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со која се утврдени следниве состојби:

- Акционерското друштво за финансирање на "Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза" во износ од 11.150.000 евра користи средства согласно Договорот за заем со ЕБОР, но роковите за имплементација на проектните компоненти континуирано се пролонгираат, со минимално искористување на средства од заемот во предвидениот рок, така што потребните системи сè уште не се во оперативна функција, што го зголемува ризикот за ненавремено обезбедување на потребните системски надградби.
- Критериумите за вработување, начинот на прераспределување на постојните вработени, пресметката и исплатата на додатокот за прекувремена работа не се во согласност со законските прописи и интерните акти на друштвото.
- За изградениот административен објект чии активности се завршени во април 2017 година, а за кој друштвото се јавува како соинвеститор констатирани се неправилности во однос на фактичката површина која му припаѓа на друштвото, не е извршен технички преглед на градбата, не е обезбедено одобрение за употреба, како и негово запишување во јавната книга на недвижности.
- Финансиските извештаи не ја обелоденуваат реално и објективно состојбата на средствата со кои располага друштвото. Имено, во трговските книги не е евидентирано земјиштето сопственост на друштвото, а објектите што ги користи за своето работење се сè уште во постапка на легализација и запишување на правото на користење. При пресметување на амортизацијата на нематеријалните средства не е земен во предвид корисниот век на употреба, а пописот на средствата и обврските за 2018 година не е целосно и правилно спроведен.
- Во однос на ненаплатените побарувања констатирано е дека дел од не наплатливите побарувања не се отпишани, дел се отпишани без Одлука од Управен одбор, а за дел од нив не се преземени мерки за нивна наплата и за поврат на повеќе платени даноци.
- При набавките на стоки и услуги не е постапено во целост согласно Законот за јавни набавки во однос на планирањето на реалните потреби.

За надминување на дадените состојби дадени се препораки со чија имплементација се очекува надминување на утврдените состојби.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденето е дека Надзорниот одбор на друштвото, од март 2018 година работи во непотполн состав, што имало влијание врз извршувањето на неговите надлежности, посебно во делот на донесување на законски и веродостојни одлуки.

М-НАВ

## АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно Законот за поштенски услуги, АД "Пошта на Северна Македонија" е единствен субјект кој од страна на Агенцијата за пошти има добиено индивидуална дозвола за обезбедување на Универзална поштенска услуга, вклучувајќи ги резервираните поштенски услуги и поштенски услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар.

Започнатата поделба на имотот во 2000 година помеѓу АД Пошта и Македонски телеком сеуште не е завршена, што има влијание на искажаните податоци во финансиските извештаи за 2018 година.

Приходите од поштенските услуги кои се остваруваат на цела територија на државата, се организирани во 15 подружници, во рамките на кои има 326 единици на поштенска мрежа со 502 шалтери, не е добиено уверување дека се целосно прикажани во финансиските извештаи и правилно вреднувани од причина што станува збор за комплексен систем за кој не е дизајнирано соодветно апликативно решение.

За извршување на резервирани поштенски услуги кои се однесуваат на пратки до 20 грама, за голем корисник со обем од околу 800 илјади пратки, почнувајќи од 2010 година одобрен е попуст од 50% на регулираната цена за голем корисник за кои АД Пошта има ексклузивитет и гарантирана цена.

Во финансиските извештаи признаени се побарувањата по основ на кусоци од благајничко работење во единиците на поштенската мрежа кои се однесуваат на кусоци од проневера на вработени, кражби или разбојништва, но не е направена соодветна проценка и покрај тоа што постојат индиции за обезвреднување на овие средства, односно истите не можат да се наплатат.

За надминување на состојбите дадени се препораки со чија имплементација ќе се надминат констатираните состојби.

Во делот Останати прашања истакнати се состојбите кои се однесуваат на новиот договор за деловно техничка соработка и договор за надоместоци помеѓу АД Пошта и деловна банка, правен следбеник на Поштенска Банка. Договорот е специфичен и комплексен, водени се преговори две години, дефинирана е долгорочна соработка од 15 (петнаесет) години и има значително влијание во работењето на АД Пошта.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНИОТ КАДАР НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО РСМ

Извршиме ревизијата на успешност на тема „Реализација на високообразовниот кадар на пазарот на трудот во РСМ" за период од 2016 до 2018 година, како пилот ревизија во рамки на твининг проект, во соработка со ВРИ на Република Бугарија.

Целта на ревизијата беше да дадеме одговор на прашањето дали активностите на државните органи за спроведување за политиката на високо образование и промовирање на вработувањето, овозможуваат ефективност при вработувањето на високообразовниот кадар на пазарот на труд во РСМ.




Главните активности во спроведувањето на политиката за високо образованиие и промовирање на вработувањето се спроведуваат од страна на Министерството за образование и наука (**МОН**) и Министерството за труд и социјална политика (**МТСП**). Одборот за акредитација и евалуација на високото образвание (**ОАЕВО**) е одговорен за акредитација и евалуација на високото образованиие, додека Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (**АВРСМ**) е надлежна за вршење на работи поврзани со посредување при вработување.
За целите на ревизијата анализиравме информации и податоци од јавни и првинатни високообразовни установи (**ВОУ**).

Во однос на законската регулатива и стратешките документи утврдено е дека:

- во усвоените национални стратешки документи на МОН и МТСП предвидени се активности и мерки кои обезбедуваат визија за развојот на високото образование и реализација на високообразовниот кадар на пазарот на труд во РСМ;
- постои потреба од дополнително регулирање на надлежностите на МОН како државен орган за спроведување на националната политика за високо образование и конституирање на значајни тела и акти поврзани со високото образование;
- согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност се донесуваат оперативни планови за активни мерки и програми за вработување, како поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот.

Во областа во која ги опфативме мерките и активностите на надлежните институции за реализацијата на високообразовниот кадар на пазарот на труд во РСМ, констатирани се следните состојби:

### Образование

- Постои недостиг на законски механизми и критериуми за оценување на потребата од акредитирање на ВОУ или студиска програма согласно потребите на пазарот на труд, а неспроведувањето на надворешна евалуација од страна на ОАЕВО, не овозможува давање препораки за унапредување на работата на ВОУ;
- вкупниот број на студенти за упис во прва година-прв циклус на студии Владата на РСМ го определува само за јавните ВОУ;
- воспоставениот механизам за финансирање на високообразовната дејност, без утврдени реални мерила и критериуми за утврдување и распределба на средствата на ВОУ, не обезбедува доволна транспарентност и објективност за финансирањето на ВОУ;

- МОН сеуште ја нема воспоставено законски предвидената база на податоци, како информациски систем кој ќе понуди интегрирани информации за следење на високообразовната дејност и анализи во областа на високото образование, со цел прилагодување на студиските програми и полесно вработување на дипломираните студенти.
- Во тек се проектни активности за дизајнирање и имплементација на информатички систем за управување со високо образование, со кој се очекува МОН да врши ефективно следење и анализа на податоци поврзани со високото образование во РСМ, мониторинг на процесите и резултатите на ВОУ.

## Пазар на труд

- МТСП и АВРСМ прибираат информации за потребите од вештини со кои треба да располагаат невработените лица за да бидат конкурентни на пазарот на трудот, а се користат и при креирање и имплементирање на политиките на пазарот на труд;
- анализите покажаа дека бројот на невработени лица со високо образование се намалува, но процентот на учество на лицата со високо образование кои чекаат за вработување над 36 месеци бележи благ пораст во однос на вкупниот број на невработени со високо образование:

Подолгиот рок на чекање за вработување може да предизвика негативни последици односно маргинализација и намалување на можностите за вработување на невработените лица со високо образование.

Структура на невработени со високо образование
активни баратели на работа по период на чекање за вработување




## Соработка помеѓу надлежните органи




Комуникацијата, соработката и размената на информации помеѓу надлежните институции е значајна за донесување на одлуки и за преземање на мерки и активности насочени кон усогласување на понудата и побарувачката на високообразовен кадар согласно барањата на пазарот на труд на национално ниво.

- Законот за високото образование не предвидува механизам за соработка, собирање, размена и анализирање на информации од областа на високото образование и вработувањето на дипломираните студенти;
- отпочнати се активности за воспоставување и развој на Опсерваторија за вештини, чии резултати ќе се користат при креирање на образовните политики и политиките за вработување;
- потребно е зајакнување на врската помеѓу Центрите за кариера и Алумни асоцијациите за собирање на повратни информации од пазарот на труд;
- сеуште не е развиен систем за следење на реализацијата на студентите на пазарот на трудот во РСМ по завршување на студиите.

Како резултат на извршената ревизија констатирано е дека активностите на државните органи надлежни за спроведување на образовната политика и политиката за вработување не се доволно ефективни за осигурување на вработувањето на високообразовниот кадар на пазарот на труд во РСМ. Нема воспоставено доволно регулаторни механизми за зајакнување на врската помеѓу образованието и потребите на пазарот на труд и следење на реализацијата на студентите на пазарот на трудот во РСМ по завршување на студиите, со цел обезбедување целосни информации за пореално креирање на националните образовни политики. Постои потреба од унапредување и развој на системот за финансирање на високото образование, како и за континуирано следење на квалитетот на високото образование. Со целосна реализација на отпочнатите активности за дизајнирање и имплементација на нов модел на финансирање на високото образование, модел на информатички систем за управување со високо образование, како и за воспоставување и развој на Опсерваторија за вештини, се очекува создавање на услови кои ќе осигурат вработување на високообразовниот кадар на пазарот на труд во РСМ.

За надминување на наведените состојби, дадени се препораки кои се во функција на унапредување на регулаторните механизми и активностите на државните органи за ефективно спроведување на политиките за реализација на високообразовниот кадар на пазарот на труд во РСМ.

## МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПЧЕЛАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Со цел осознавање на состојбите во земјата во областа Пчеларство, извршена е ревизија на успешност за да дадеме одговор на прашањето: „Дали донесените мерки и политики за пчеларството во Република Северна Македонија се ефективни и обезбедуваат негов развој и напредок“.

Со ревизијата е опфатен периодот од 2016 до 2018 година, за одредени области и пред 2016 година, како и до денот на известување од наведената ревизија.

За областа која се однесува на законската и подзаконска регулатива и стратешки документи ги утврдивме следните состојби:

- не се донесени стратешки, плански и програмски документи, предвидени во законската регулатива и во Национална програма за пчеларство;
- за стратешки утврдените мерки и активности кои се однесуваат за превенирање и здравствена заштита на пчелите не се преземаат доволно мерки за нивна реализација,
- не е изработен катастар на пчелни пасишта;
- со законската регулатива предвидено е обврска за вршење попис на пчелни семејства од страна на самите пчелари, што може да влијае на точноста на податоците за бројот на пчелните семејства;
- Агенцијата за храна и ветеринарство не врши задолжителни инспекциски контроли кај одгледувачите на пчели;
- постои голема разлика во утврдениот број на пчелни семејства од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на податоците кои се искажани од Државниот завод за статистика, што има влијание на соодветното и правилно креирање на политики и мерки од страна на надлежните институции.

Во однос на мерки за пчеларството содржани во Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој, ги констатира следните состојби:

- честите измени и дополнувања на годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството, со големи разлики во планираните средства, создава неизвесност кај корисниците на средствата,

- во годишните програми високо е учеството на не исплатените обврски на корисниците од претходни години, што влијае на намалување на средствата кои се исплаќаат во тековната година;
- за Годишни програми за финансиска поддршка во руралниот развој за 2017 и 2018 година не се објавени јавни повици за прибирање на барања, со што е намалена транспарентноста кај корисниците на средствата;
- присутна е појава на ненавремено одобрување на финансиската поддршка, како и ненавремена исплата на корисниците, што влијае на планирањето на средствата кај пчеларите и нивното функционирање.

Во периодот 2016 - 2018 година, исплатен е вкупен износ на средства од 403.180 илјади денари, но исплатата на средства е со забавена динамика, средства во програмата не се исплаќаат целосно во годината во која се планираат односно се реализираат наредната година, со што се намалува ефективноста на финансирањето на пчеларите.

Со ревизијата опфатени се и климатските промени, болести и пестициди и нивното влијание врз пчелата и медот, кои се од особено значење за развојот на пчеларството, при што констатирани се следните состојби:

- Националната листа на одобрени производи и активни супстанции на Европската комисија не се објавуваат во Службен весник на РСМ;
- Фитосанитарната управа не врши доволно размена на информации со релевантните регионални и меѓународни институции за заштитата на растенијата и активните супстанци кои се одобрени и оние кои се забранети за користење;
- не се врши инспекциски надзор за начинот на употребата на производите кои се штетни за пчелите;
- се уште не е утврдена Национална референтна лабораторија која ќе врши лабораториски испитувања од областа на здравствената заштита на животните, безбедноста на храна и ветеринарството.

Во Република Северна Македонија има потреба од координирано дејствување на надлежните институции, со активно вклучување на одгледувачите на пчели, со цел зголемување на ефективноста на мерките и политиките кои се носат од страна на надлежните институции во насока на развој и напредок на пчеларството како значајна гранка од земјоделското производство и нејзино интензивирање на ниво на професионална дејност.

## ИНТЕРРЕГ - ИПА ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА Р. БУГАРИЈА - Р. МАКЕДОНИЈА 2014-2020 ГОДИНА

Интеррег - ИПА Програмата за прекугранична соработка Република Бугарија - Република Македонија 2014-2020 година е европска програма за соработка, чија што основна цел е зајакнување на прекуграничната соработка помеѓу народите и институциите од регионот, соработка на полето на заедничките предизвици и развој на неискористениот потенцијал.

Програмата ги опфаќа регионите на ниво НУТС III и тоа: 2 региона (Благоевград и Ќустендил) во Бугарија и 3 региони (Североисточниот, Источниот и Југоисточниот плански регион) од македонска страна.

Вкупниот буџет на програмата е 19.461.687 евра, со учество на ЕУ во износ од 16.542.434 евра, распределени по приоритетни оски:

1. ПО 1 Животна средина во износ од 5.789.852 евра (35%),
2. ПО 2 Туризам во износ од 6.616.974 евра (40%),
3. ПО 3 Конкурентност во износ од 2.481.365 евра (15%),
4. ПО 4 Техничка помош во износ од 1.654.243 евра (10%).







Во насока на остварување на резултатите и постигнување на целите на Европската кохезивна политика, како и во однос на искористеноста на средствата која е на највисоко ниво, ДЗР спроведе ревизија на успешност на тема "Интеррег - ИПА Програма за прекугранична соработка Р. Бугарија - Р. Македонија 2014 - 2020 година". Ревизијата е извршена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2018 и 2019 година, во рамките на твининг договорот со ВРИ на Република Бугарија и Република Хрватска, финансиран од средствата на Европската Унија.

Со ревизијата беше опфатен периодот од 2015 до 2018 година и органите/телата формирани од страна на РСМ, а кои учествуваат во управувањето и контролата на програмата: Министерството за локална самоуправа, подрачната единица на Заедничкиот секретаријат во Струмица и независните оценувачи.

Целта на ревизијата беше да се оцени ефективноста на управувањето со програмата, односно да се даде одговор на основното прашање:

„Дали управувањето со Интеррег - ИПА Програмата за прекугранична соработка Р. Бугарија - Р.Македонија 2014-2020 година е ефективно?"

Како резултат на утврдените состојби, опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на соодветни ревизорски техники и методологија, ревизијата го издаде следниот заклучок:

*Структурната поставеност на органите, квалитетот на избраните проекти, транспарентноста на процесот и воспоставениот мониторинг обезбедуваат ефективно управување со Интеррег - ИПА Програмата за прекугранична соработка Р. Бугарија – Р. Македонија 2014-2020 година.*

Принципите на заедничко управување, структурната поставеност на органите од македонска страна и распределбата на надлежностите, електронското следење, управување и одобрување на оперативните активности обезбедуваат доволно услови за функционирање, координација и имплементација на програмата. Стратегијата за комуникација, веб-страница, информативните кампањи, овозможуваат навременост, точност, достапност на информациите до потенцијалните корисници. Во постапките за избор на оценувачи и проекти, запазен е принципот на транспарентно и објективно оценување, што обезбедува избор на квалитетни проекти и остварување на специфичните цели на програмата. Воспоставениот мониторинг, годишните извештаи, оценката од надворешни експерти, посетите на лице место, создаваат услови за ефективно следење на степенот на реализација на проектите и програмата. Со првиот повик на програмата финансирани се 48 проекти во вредност од 10.336.443 евра и истите имаат висок степен на реализација од 95,8%.

Со цел да се зголеми ефективноста на управувањето со програмата, потребни се активности во насока на обезбедување конзистентна политика за управување со човечките ресурси, зајакнување на административниот капацитет на подрачната единица во Струмица, интерна процедура за движење на документацијата, правилна распределба на апликациите помеѓу надворешните оценувачи согласно нивната специјалност и подобрување на одредени критериуми од аспект на нивната јасност, мерливост и прецизност.

*Врз основа на заклучок на Владата на Република Северна Македонија од страна на Министерството за локална самоуправа е изготвен акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.*

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
## ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ САЛИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да дадеме одговор на прашањето: Дали реализацијата на Проектот придонесува за развој и подобрување на состојбите и условите за спортување на децата од основно и средно образование, како и да дадеме оценка за:

- Реализација на Проектот изградба на спортски сали – градиме 145 спортски сали и
- Надзор и следење на реализацијата на Проектот за изградба на спортски сали и рехабилитација на салите во основните и средни училишта.



Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да им помогнат на надлежните институции да се фокусираат на слабостите кои се однесуваат на реализацијата, надзорот и следењето на реализацијата на Проектот за изградба на спортски сали во основните и средните училишта.

Во однос на прашањата кои се однесуваа на реализацијата на Проектот за изградба на спортски сали во основните и средните училишта утврдени се следните состојби:

- постои разлика во одредбите на договорот за изведба на градбите со моделот на договор од тендерската документација;
- отежнат процес на динамика на изведбените работи, а физичката реализација е само 51,72% за период од 2009 -2019 година;
- пролонгирани рокови за реализација на изведбените работи од 3 на 15 години поради слабости од двете страни;
- намален е финансискиот товар на економскиот оператор преку намалување на банкарската гаранција за завршени градби;
- нема податоци за исполнување на обврски од договорите за регулирање на меѓусебни односи при изградба на училишна спортска сала меѓу страните учеснички на договорите, со што се нема увид во законското и наменското користење на изведените градби;
- при утврдени извори на финансирање на проектот, средства од заем и од буџет, реализацијата на Договорот за изведбата и опремувањето на 145 училишни спортски сали е околу 60%, првиот заем за период од 12 години е реализиран 91%, додека вториот заем за период од 7 години е реализиран само 56%.

Состојбата со изградбата на спортските сали по години – физичката реализација е прикажана во следниот графикон:



Во однос на областа која се однесува на надзорот и следење на реализацијата на Проектот за изградба на спортски сали и рехабилитација на салите во основните и средни училишта утврдени се следните состојби:

- не е донесен акт со критериуми со кои ќе се регулира висината на надоместоците на Проектниот тим составен од лица кои се ангажирани со договори за дело;
- отсуството на динамички планови за изведбите се повторува во сите месечни извештаи на надзорот;
- не функционира координативното тело задолжено за следење на реализацијата на проектот и
- нема индикатори за резултати од проектот со кои ќе се следи успешноста на реализацијата на истиот.

Во насока на надминување на утврдените состојби ревизијата ги даде следните препораки: преземање на активности околу динамиката за извршување на останатите изведбени работи во најкус можен рок согласно укажувањата од надзорот, покривање на гарантниот период со банкарска гаранција согласно основниот договор, утврдување на начинот и рокови за вршење на контрола на примената на одредбите од договорот за регулирање на меѓусебни односи, донесување на Буџетот за Проектот согласно барањата на надлежниот орган и воведување на реални и мерливи индикатори за следење на реализацијата на Проектот.

## ЕФИКАСНОСТ НА ПОЛИТИКИТЕ МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ПРИ ДОДЕЛУВАЊЕТО НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА НИВО НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

Во рамките на  активностите утврдени со твининг договорот помеѓу Државниот завод за ревизија и врховните ревизорски институции на Република Бугарија и Република Хрватска спроведена е ревизија со цел да се даде одговор на прашањето:

*„Дали политиките, мерките и активностите преземени од страна на надлежните институции овозможуваат ефективно постапување при доделувањето на договори за јавни набавки во јавните претпријатија основани од Град Скопје?"*




Ревизијата го опфати периодот од 2016 до 2018 година, а ревизорските активности беа насочени кон испитување на начинот на планирање на јавните набавки, организационата поставеност и човечките ресурси, начин на доделување на договорите и реализацијата на набавките како и анализа на системот на правна заштита и се констатирани состојби во областите предмет на ревизија.

Во однос на планирање на јавните набавки утврдено е:

- годишните планови за јавни набавки содржат нереални информации за потребите, количините и вредностите на предвидените постапки;
- плановите се изготвуваат врз основа на планирани приходи за тековната година, без темелно истражување на движењата на пазарот;
- чести измени и дополнувања во плановите;
- спроведени се постапки со преговарање без објавување на оглас поради итност во случај кога истите можеле навремено да бидат планирани;

- спроведувањето на набавките од голема вредност Град Скопје како основач на јавните претпријатија најчесто ги иницира непосредно пред нивната реализацијата како и набавка и складирање на залихи кои не се употребуваат.

Наведеното има влијание врз успешното функционирање на јавните претпријатија, квалитетно извршување на дејноста од јавен интерес и навремено справување со можните проблеми.

Во однос на организационата поставеност констатирана е состојба на нецелосно пополнет број на систематизирани работни места во организационата единица за јавни набавки кај јавните претпријатија кој го отежнува начинот на извршување и организирање на целокупната работа, притоа постои потреба од поголема едукација на членовите во комисиите за јавни набавки за квалитетно спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Со ревизијата во начинот на доделување на договори за јавна набавка и нивна реализација констатирано е:

- најниската цена како единствен критериум за избор на најповолна понуда и задолжителното објавување на проценетата вредност не овозможуваат конкурентност и ефикасно искористување на средствата, особено во постапките каде е доставена една понуда. Имено, во 2016 и 2017 година, бројот на постапките во кои е доставена само една понуда изнесува 54% од вкупниот бројот на спроведени постапки, додека нивниот број во 2018 година е намален и претставува 39% од вкупниот бројот на спроведени постапки;
- недоволно е искористена можноста од спроведување на групните набавки меѓу јавните претпријатија, како и со нивниот основач Град Скопје;
- постојат организациски и законски ограничувања за меѓусебно доделување на договори на начин кој би бил поедноставен, поефективен и поекономичен за јавните претпријатија и Град Скопје и кој би обезбедил доследно почитување на принципите на кои се базира дејноста на јавните претпријатија и тоа: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, достапност и универзална услуга и рационално и ефикасно искористување на средствата;
- постоење несигурност кај договорните органи и економските оператори во однос на правилно определување и докажување на конкретни критериуми за утврдување на способност кои треба да бидат пропорционални со предметот на договорот за јавна набавка и правилно дефинирање на техничката спецификација.

Како позначајни поединечни постапки каде ревизијата констатира неправилности се: непредвидени и дополнителни работи при изведување на градежните работи за Управната зграда на ЈП Водовод и канализација, набавката на интегриран софтверски пакет спроведена кај четири јавни претпријатија и медицински третман на бездомни кучиња.

Врз основа на спроведената ревизија, произлезе заклучокот: Политиките, мерките и активностите преземени од страна на надлежните институции за доделување на договори за јавни набавки кај ЈП основани од Град Скопје, даваат ефект во однос на транспарентноста при доделувањето на договорите, но во делот на воспоставување конкуренција, еднаков третман, недискриминација меѓу економските оператори и рационално и ефикасно искористување на средствата, истите не ги даваат посакуваните ефекти.

Ревизијата даде препораки во насока на обезбедување навремено и аналитичко планирање на набавките во функција на задоволување на реалните потреби на јавните претпријатија, како и надминување на слабостите во спроведување на постапките и обезбедување поголема конкуренција и еднаков третман на економските оператори, рационално, економично и ефикасно користење на средствата и обезбедување најдобра вредност за вложените средства.

*Владата на РСМ во март 2020 година им препорача на Град Скопје и на ЈП на Град Скопје да пристапат кон подготвување на Акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители на имплементација на дадените препораки во Конечните извештаи на овластениот државен ревизор.*

*До Државниот завод за ревизија дел од Јавните претпријатија на Град Скопје имаат доставено пополнет ИЗПМ образец со кој известуваат за преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.*

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИТЕ, АКТИВНОСТИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2015 ДО 2018 ГОДИНА



Имајќи го предвид недостигот на специјалисти во јавното здравство и големото значење на ова прашање за јавноста, извршена е ревизија на усогласеност за реализацијата на мерките, активностите и политиките за специјализација на здравствените работници во јавните здравствени установи во периодот од 2015 до 2018 година, со цел добивање одговор на прашањето, дали инволвираните институции ги преземаат потребните активности кои обезбедуваат законитост во планирањето и изготвувањето на Програмата за специјализации, следењето на реализацијата на активностите за специјализација на здравствените работници, како и плаќањето и распределувањето на средствата од надоместокот за специјализации. Со ревизијата опфатени се Министерството за здравство, медицинските факултети и јавните здравствени установи кои имаат надлежности во овој процес.

Со извршената ревизија утврдено е :

- многубројните измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита ја отежнале неговата примена и не се преземени доволно активности за создавање соодветни институционални капацитети за имплементација на одредбите, поради што ниту еден од запишаните специјализанти согласно Програмата за специјализација од 2015 година не полагал специјалистички испит. Во текот на 2019 година извршена е измена на Законот со кој се предвидени решенија за надминување на овие состојби;
- податоците од регистарот на здравствени работници, кој го води Институтот за јавно здравје, не се користат за подолгорочни анализи и креирање политики. Од друга страна, податоците во електронскиот регистар кој го води Управата за електронско здравство, се парцијални и непотполни и од истите не може да се добие точен податок за состојбата и промените во структурата на кадарот во јавните здравствени установи. Поради наведеното оневозможено е континуирано следење и планирање на кадарот;
- изготвувањето на Програмата за специјализации се базира на несоодветни податоци и анализи и недоволна координација на инволвираните институции. Поради тоа, истата нецелосно соодветствува со реалните потреби на јавните здравствени установи и голем дел од одобрените специјализации не се реализираат. Имено, на секој објавен оглас во минатите години, се пријавиле значително помалку кандидати од вкупно распишаните места за специјализации. Соодносот помеѓу распишаните места за државна специјализација и примените специјализанти во периодот од 2015 до 2018 година е прикажан на графиконот.



- следењето на реализацијата на Програмата за специјализации е отежнато поради значителниот одлив на кадар од јавните здравствени установи, со што е оневозможено и ефикасно планирање на потребниот кадар. Во периодот од 2015 до 2018 година евидентиран е одлив на 10% од вкупно вработените лекари, а 74% од истиот се однесува на специјалисти. Некоординираното давање согласности за преземање на здравствен кадар, го отежнува функционирањето на одредени јавни здравствени установи и доведува до нерамномерна распределеност на кадарот и достапност на здравствените услуги, дотолку повеќе што 25% од вкупниот број специјалисти се на возраст над 60 години;
- преземените активности не се доволни за следење на специјализациите и не постои сигурност дека специјализантите ги поминуваат сите предвидени постапки во рамки на секој дел од стажот, имајќи предвид дека обрасците за евиденција неажурно се пополнуваат и одобруваат;
- плаќањето на надоместоците за специјализации од страна на јавните здравствени установи не е навремено. Исто така доставувањето и обработката на обрасците за евиденција на специјалистичкиот стаж се извршува со задоцнување што предизвикува отежнато следење и ненавремено распределување на надоместокот за ментори, едукатори и јавните здравствени установи каде се спроведуваат турнусите. Како резултат на тоа, во деловните книги на Медицинскиот факултет од Скопје за 2019 година искажани се обврски за плаќање на надоместокот за специјализации кон ментори, едукатори и јавни здравствени установи за спроведени турнуси во вкупен износ од 212.682 илјади денари, од кои 159.029 илјади денари се пренесена состојба од 2018 година.

Дополнително, по извршената ревизија Медицинскиот факултет, Скопје го извести Државниот завод за ревизија за постапување во насока на надминување на утврдените состојби и заклучно со 11.03.2020 година заостанатите обврски за плаќање на надоместокот за специјализации намалени се за 73.211 илјади денари.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки до инволвираните институции за преземање соодветни мерки и активности кои се во насока на обезбедување балансирано распоредување на специјалисти во јавните здравствени установи на територијата на целата држава.

## ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Функцијата на Државното правобранителство ја врши државниот правобранител како и државните правобранители, кои при вршењето на својата функција се самостојни и за својата работа одговараат пред Владата на РСМ и пред државниот правобранител.

Главна задача на Државното правобранителство е штитењето на имотните права и интереси на РСМ, пред судовите и другите органи во земјата и странство.

Извршена е ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на Државното правобранителство на РСМ за период од 2016 до 30.10.2019 година, со цел да даде одговор на прашањето дали финансиските, кадровските, просторните и материјалните капацитети на Државното правобранителство се доволни за непречено извршување на неговите надлежности.



Во однос на правната рамка која ја регулира државно правобранителската функција и стратешките документи кои се однесуваат на правосудниот систем во РСМ, констатирана е недоволна регулираност на надлежностите на државното правобранителство во однос на застапувањето на државните органи пред судовите и другите органи во земјата и странство, отсуство на акт во кој ќе се уреди учеството на секој од предвидените критериуми

во утврдувањето на бројот на државни правобранители и бројот на седиштата на државните правобранителства, не е предвидена законска обврска за оценување на државните правобранители, за разрешување на државниот правобранител на РСМ и државните правобранители, како и не е регулирана дисциплинска постапка за државните правобранители.

Министерството за правда има донесено Стратегија за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 со цел создавање независно, непристрасно, ефикасно, квалитетно и транспарентно правосудство, надлежно за заштита на јавниот интерес, како и Стратегија за информатичко-комуникациска технологија во правосудството 2019-2024, чија цел е воведување на централизиран податочен систем на правосудниот систем во РСМ.

Ревизијата истакнува дека е потребно предвидување на активности за зајакнување и унапредување на институционалните капацитети на Државното правобранителство.

Во однос на финансирањето, организацијата, надлежностите, обуките и кадровската екипираност, состојбите се следни:

- Државното правобранителство, своето работење го врши со средства од Буџетот на РСМ. Во период од 2016-2019 година, констатиравме тренд на намалување на бараните и одобрените средства.




- Најголем процент од одобрените средства над 70% се однесуваат за плати за вработените, а капитални расходи се сведени на минимум, поради што се ограничени можностите за подобрување на севкупните институционални капацитети.
- Државното правобранителство, во период од 2016 до 2018 година постапувало по вкупно 265.946 предмети во 18 видови на области. На крајот на 2018 година, во работа се 186.754 предмети, кои се завршени од страна на Државното правобранителство, но истите се уште се во постапка кај други надлежни органи.

Движење на предметите во Државното правобранителство



- Во период предмет на ревизија спроведена е само една обука за државните правобранители, а за останатите вработени реализиран е мал процент на обуки;
- Заклучно со 30.10.2019 година, бројот на избрани и именувани државни правобранители изнесува 35, што преставува 62% од вкупниот број утврден со Одлуката на Владата на РСМ, а од вкупно систематизираните работни места, пополнети се само 62%, со што се наметнува заклучок од потребата од кадровско зајакнување на човечките ресурси.

Со анализата на просторните капацитети, материјално техничките услови и опремата, ревизија ги утврди следниве состојби:

- Државното правобранителство својата надлежност ја извршува во петнаесет подрачни државни правобранителства, од кои само за четири Владата на РСМ има доделено простор на користење, додека останатите се сместени и користат простории во други државни институции.
- Материјално техничките услови и опремата се застарени и оштетени. Државното правобранителство не располага со автоматизиран компјутерски систем за управување со предметите по кои постапува, поради што заведувањето и распределбата на предметите се уште се врши рачно, согласно Годишен распоред за работа. Во буџетот на Државното правобранителство не се одобрени средства за набавка на постојани средства за работа.

Во однос на соработката со другите органи и организации констатирано е потреба од нејзино зајакнување во насока на размената на информации и податоци. Државното правобранителство нема воспоставено меѓународна соработка со државни правобранителства од други земји, со цел размена на искуства и знаења, добро воспоставени пракси и нивна примена во извршување на неговите надлежности.

За надминување на наведените состојби, дадени се препораки кои се во функција на зајакнување, унапредување и воспоставување на институционални капацитети на Државното правобранителство на РСМ, за реализација на неговите надлежности.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ

Улогата на јавните обвинителства во Република Северна Македонија е професионално, правично, чесно, непристрасно и транспарентно остварување и заштитување на темелните вредности на РСМ со доследна примена на највисоките национални норми и меѓународни стандарди при гонење на сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела.



Извршена е ревизија на усогласеност на тема „Институционалните капацитети на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите", со која го опфативме периодот 2016 - 2018 година, во институциите кои се вклучени во работните процеси и активности поврзани со институционалните капацитети на јавните обвинителства.

Важен предуслов за обезбедување на законит, независен, самостоен и објективен јавно обвинителски систем во државата е постоење на соодветни и доволни институционални капацитети.

За воспоставената правна рамка и стратешките документи констатирано е дека не е пропишана законска обврска за донесување акт за утврдување на минималните стандарди за материјално технички средства, опрема и просторно сместување на јавните обвинителства, не е пропишана методологија за утврдување на потребниот број на јавните обвинители и за бројот на вработените во јавно обвинителските служби, ниту акт за внатрешното функционирање на јавните обвинителства, додека изборот на вештаци се врши без утврдени критериумите за нивен избор.

Со донесувањето на новиот Закон за јавното обвинителство, во февруари 2020 година, дел од состојбите констатирани за периодот 2016-2018 година се надминати, односно одржувањето на единствената методолошка и технолошка основа на информатичкиот систем на јавните обвинителства, обезбедувањето на просторните и другите услови за работа како и вршењето на надзорот над управното работење на јавното обвинителство, не се надлежност на Министерството за правда. Со новото законско решение извршено е усогласување со одредбите од Законот за кривичната постапка и тоа во делот на правата, должностите и надлежностите на јавниот обвинител, предвидена е законска обврска за електронска распределба на предметите, уреден е делот на оценување на работата на јавните обвинители преку целосно дефинирање на квалитативни и квантитативни критериуми за нивно оценување.

Во однос на финансирањето, организацијата, надлежностите, кадровската екипираност и обуки на јавните обвинителства на РСМ, констатирано е дека прашањето за дефинирање на законската рамка на средствата кои треба да се одвојуваат од Буџетот на РСМ за финансирање на јавните обвинителствата во РСМ е регулирано со донесување на новиот Закон за јавното обвинителство, во кој е уредено дека врз основа на фискалната политика и главните категории за проценетите приходи и расходи, висината на средствата за работа на јавното обвинителство ќе изнесува најмалку 0,4% од Буџетот на РСМ за тековната година. Висината на средствата што од Буџетот на РСМ се одвојуваат за потребите на работењето на јавните обвинителства, во периодот 2016-2018 година се помали од проценетите потреби.

Не постои прецизна поделба на надлежностите во рамки на раководниот систем помеѓу Јавното обвинителство на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ. Имено, потребно е Советот да има примарна улога во изработката на политиките на полето на институционалното раководење и управување во јавните обвинителства, додека Јавното обвинителство на РСМ во изработката на политиките поврзани со примена на кривичното право и постапка од страна на јавните обвинителства.

Владата на РСМ нема донесено програма за изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремувањето на јавните обвинителства, исто така поголем број од јавните обвинителства функционираат во објектите на основните и апелационите судови. Дел од јавните обвинителства имаат потреба од обновување на компјутерската опрема, опрема за тонско снимање и видео надзор и потребно е натамошно обезбедување и одржување на потребните ресурси за развој на ИТ системот на јавното обвинителство во согласност со новите технологии и стандарди.

Со ревизијата констатирано е недоволен број на јавни обвинители по одделни јавни обвинителства, иако согласно Одлуките на Советот на јавни обвинители за определување на бројот на јавните обвинители пополнетоста изнесува 80%. Во однос на категоријата јавно обвинителски службеници процентот на пополнети работни места е низок и истиот изнесува 33%. Исто така констатирано е дека за неисплатените додатоците на плата на јавните обвинители поведени се судски спорови против јавното обвинителство на РСМ, што предизвикуваат дополнителен одлив на буџетски средства.

Обврските за преземените дејства за покривање на трошоците направени во кривичната постапка не се плаќаат навремено, поради недоволно обезбедени средства за оваа намена.

Навременото и квалитетно извршување на надлежностите на јавните обвинителства во РСМ во голема мера зависи и од активната соработка и координација на сите институции инволвирани во функционирањето на јавно обвинителскиот систем.

Со ревизијата констатирано е дека постои потреба од зајакнување и унапредување на комуникацијата, координацијата и соработката помеѓу јавните обвинителства во РСМ и останатите надлежни органи. Неопходно е преземање на активности за воспоставување на услови за електронска комуникација и видео конференција, електронска размена на податоци со судовите како и отпочнување со работа на истражните центри, заради институционализирање на соработката меѓу јавните обвинителства и Министерството за внатрешни работи.

За надминување на наведените состојби, дадени се препораки кои се во функција на унапредување на регулаторните механизми и активностите на надлежните органи за подобрување на институционалните капацитети на јавните обвинителства во РСМ за реализација на нивните надлежности.

# ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ НА ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ НА СУДСКА ВЛАСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ

Судската власт заедно со законодавната и извршната власт се дел од темелните вредности на уставниот поредок на државата. Согласно Уставот, законите и меѓународно ратификуваните договори, судовите како независни и самостојни органи кои ја вршат судската власт, треба да гарантираат непристрасно применување на правото, заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

Основа за обезбедување на самостојност и независност на судската власт е постоење на соодветни и доволни институционални капацитети, меѓу кои јасно дефинирана правна рамка и стратешки цели, соодветна организациска поставеност и надлежности на одделните институции во системот, финансиска стабилност, екипираност со стручен кадар, просторни капацитети, како и меѓусебна соработка на сите чинители на судската власт.




Извршена е ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на единките корисници на судската власт за период 2016-2018 година, со цел да се добие разумно уверување дали истите овозможуваат непречена реализација на нивните надлежности.

Постои потреба од унапредување на правната рамка и стратешките документи кои ја регулираат судската власт на РСМ и тоа во делот на:

- донесување на предвидените подзаконски акти од областа;
- јасно разграничување на надлежностите на Министерството за правда и Судскиот буџетски совет во делот на обезбедување на материјални, финансиски, просторни и други услови за работа на судовите;
- пропишување на критериуми за утврдување на бројот на судски службеници во судовите во однос на бројот на судиите и надлежностите на судот, како и критериуми за определување на составот на тимот на судијата;
- утврдување на оптимален број на информатичари, заради ефикасно извршување на надлежностите и непречено функционирање на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) со соодветна информатичка поддршка;
- целосна реализација на целите предвидени во стратешките документи, особено кадровско и техничко доекипирање на судската служба, обезбедување на соодветни просторни услови и подобрување на капацитетите на судството и подобрување на Законот за судска служба.

Во однос на финансирањето, надлежностите, организациската поставеност, кадровската екипираност и стручното усовршување на судската власт, утврдени се следните состојби:

- Висината на средства од Буџетот на РСМ за финансирање на судската власт е дефинирана во Законот за судски буџет како годишен износ од 0,8% од бруто домашниот производ. Обезбедените средства во апсолутен износ растат, со исклучок на 2017 година, но се на ниво под законски утврдениот процент, под кое ниво е и износот на барани средства;
- иако во 2018 година има пораст на одобрениот износ на средства за капиталните расходи во однос на претходните години, се уште истиот е значително помал во однос на бараниот износ за набавка, модернизација и осовременување на серверите и друга информатичка опрема, потребна за непречено функционирање на АКМИС системот како и судовите;

Барани, одобрени и реализирани средства




- во 2018 година обврските спрема добавувачите во однос на 2016 година се намалени за приближно 60%;
- постои висок процент на непополнети работни места во судовите, каде пополнети се само 14% од предвидените раководни работни места, додека во останатите категории пополнети се околу половина, а недоволна кадровска екипираност утврдивме и кај информатичката служба во судовите;
- не се врши оценување на судските службеници, ниту се остварува правото на нивно унапредување, поради недонесени подзаконски акти за уредување на истите;
- 20% од судовите имаат донесено годишни планови за обука на судските службеници, кај 39% од судовите не е реализирана обврската за задолжителна стручна едукација на судските информатичари, а има и случаи кога судиите не го оствариле задолжителниот број часови на континуирана обука.

Во насока на зголемување на ефикасноста и навремената размена на информации и податоци утврдивме потреба од подобрување на комуникацијата, соработката и размената на информации и податоци како во рамки на судовите, така и со други надлежни институции и тоа во делот на електронско поврзување помеѓу судовите за размена на документи од креираните електронски досиеја за предметите во одделните судови како и обезбедување на услови за функционирање на воспоставената интерконекција за електронска размена на податоци помеѓу судовите и обвинителствата на РСМ, која не е реализирана поради тоа што Јавното обвинителство не врши електронска размена на податоци со судовите.

За надминување на наведените состојби, дадени се препораки кои се во функција на унапредување на регулаторните механизми и активностите на надлежните органи за подобрување на институционалните капацитети на судската власт во државата.

# ЕФЕКТИВНОСТА И ЕФИКАСНОСТА НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ШТО ГИ ПРЕЗЕЛО МИОА ЗА ЦЕЛОСНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во рамките на активностите утврдени со твининг договорот помеѓу Државниот завод за ревизија и врховните ревизорски институции на Република Бугарија и Република Хрватска спроведена е ревизија на информацискиот системи (ИТ ревизија) како ревизија на успешност со цел да се даде оценка за имплементацијата и употребата на Информацискиот системот за управување со човечки ресурси кај институциите од јавниот сектор (ИСУЧР). Ревизијата го опфати периодот од 2016 до 2018 година.




Една од надлежностите на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), согласно законската регулатива е воспоставување на Регистарот за вработените во јавниот сектор и водење на истиот во електронска форма.

МИОА од 2016 година го има имплементирано системот ИСУЧР, кој е составен од четири модули. Со ревизијата констатиравме дека степенот на употреба по модули е следниов:

- Модулот за персонална евиденција не го користат сите институции и покрај законската обврска, а внесените податоци не се целосни и ажурирани;
- Модулот за пресметка на плата се користи само во 27 институции;
- Модулот за извештаи се користи само од страна на Министерството за информатичко општество и администрација;
- Модулот за управување со учинок на вработените во јавниот сектор не се користи од ниту една институција.

Како значајни состојби кои се утврдени со ревизијата се:

- Употребата на сите модули на системот во секојдневното работење не е задолжителна, освен модулот за персонална евиденција и не постои законска обврска за институциите од јавниот сектор за употреба на останатите модули;
- Постојат институции кои не ги евидентираат и чуваат податоците за човечки ресурси во системот, а евидентираните податоци во системот се неажурни и нецелосни. Дел од институциите не назначиле лице одговорно за ажурирање на податоците во системот;
- Евидентирани се 399 нови корисници во системот за кои не е одржана обука за користење на системот;
- системот не дава целосен придонес во подготовката на годишниот извештај од Регистарот на вработени во јавниот сектор;
- Постои неконзистентност и разновидност во начинот на утврдување и пресметка на плата во дејностите од јавниот сектор. Не постои единствена законска основа за утврдување и пресметка на платите иако со стратегиите за реформа на јавната администрација е планирано дефинирање на унифициран и кохерентен систем на плати за вработените, како предуслов за користење на модулот за плати од страна на сите институции во јавниот сектор;
- Различни државни регистри содржат исти податоци, кои меѓусебно не се поврзани што создава можност податоците во регистрите да не се точни или целосно ажурирани;

- Платите за вработените во јавниот сектор се исплаќаат и на лица за кои нема податоци во информацискиот систем за управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор, односно процесот на исплата на плата не се потврдува / верификува со податоците од системот.

Основните цели поради кои е воспоставен системот не се ефективно реализирани. Активностите и мерките кои ги презеле МИОА, Државниот управен инспекторат и институциите во јавниот сектор во делот на управувањето, употребата и одржливоста на системот, континуирани обуки за корисниците на системот, управување со корисничките права, искористување на сите функционалности на системот, како и подобрување на квалитетот на податоците не се доволни за да се обезбедат целосни и ажурирани податоци, особено точен и прецизен Регистар на вработени во јавниот сектор.

Дадени се препораки во насока на подобрување во управувањето, употребата и одржливоста на информацискиот систем за управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор, подобрување на корисничките вештини преку континуирани обуки, управување со корисничките права, искористување на сите функционалности на системот, како и подобрување на квалитетот на податоците, ќе придонесе за целосни и ажурирани податоци во системот, како и подобрување на управувањето со човечки ресурси.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ



Државниот завод за ревизија е надлежен орган за следење на редовното финансирање на политичките партии, преку системот на финансиско известување, согласно методологијата за државна ревизија пропишана со Законот за државната ревизија.

Финансирањето на работењето на политичките партии е предуслов за демократскиот политички систем во земјата. Средствата за нивното редовно работење се остваруваат од јавни извори за финансирање, со средства предвидени во Буџетот на РСМ и од приватни извори на финансирање: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.

Со годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година беа планирани и извршени ревизии на финансиските извештаи на четири политички партии: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и Движење БЕСА, со кои опфативме 60% од вкупните јавни извори на финансирање на политичките партии во 2018 година.

Ревизијата утврди  дека висината на вкупните средства за годишното финансирање на политичките партии за 2018 година од Буџетот на РСМ се во износ од 281.102 илјади денари односно за 162,82% повеќе во однос на 2017 година, односно истите во 2017 година изнесуваа 106.957 илјади денари. Наведеното зголемување се должи на промената на законски утврдениот процент од 0,06% на 0,15% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ. Со извршената анализа на приходите по видови на извори на финансирање, констатирано е дека ваквата законска измена имаше значително влијание врз структурата на приходите во 2018 година, со што учеството на приходи од приватни извори односно од донации и членарини во однос на 2017 година е значително намалено. Учеството на одделните видови приходи по години и по политички партии е претставено со графиконот.




Со извршените ревизии констатирани се состојби кои упатуваат на потреба од зајакнување на активностите на одговорните лица на политичките партии за нивно надминување, особено во делот на обезбедување на комплетна документација за потврдување на веродостојноста на евидентираните сметководствени трансакции, уредно благајничко работење, спроведување на целосен и комплетен попис на средствата и обврските, воспоставување начин на прибирање, уплата и евиденција на приходите по основ на членарина кој ќе овозможи нивно целосно потврдување, како и целосна евиденција на имотот со кој располагаат партиите.

# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2019 ГОДИНА

Изборната кампања, како јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период, е процес кој непосредно има влијание врз формирањето на ставот на електоратот за избор на определен кандидат.

Оттука, законитоста на изворите на средствата за финансирање на кампањата и законитоста на начинот на трошење на средствата со кои располагаат учесниците во изборната кампања е битен предуслов за изедначени можности за претставување на учесниците во изборниот процес, како и предуслов за квалификување на изборниот процес како демократски.

Во текот на 2019 година во РСМ се организираа и спроведоа Избори за Претседател на РСМ. Согласно Годишната програма за работа за 2019 година, извршени се ревизии на вкупните финансиски извештаи на приходите и расходите на сите учесниците во изборната кампања за претседателските избори 2019 година.

За финансирање на изборната кампања учесниците во претседателските избори потрошиле вкупно 321.909 илјади денари, од кои 68% се парични средства обезбедени од Буџетот на РСМ за објавување на платено политичко рекламирање.

Трошоците по учесници во изборната кампања се дадени на графиконот:




Со ревизијата на Изборите за Претседател на РСМ констатирано е дека мониторингот на платеното политичко рекламирање од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги е извршен врз основа на доставени податоци од радиодифузерите, со што е оневозможено Агенцијата да ја потврди точноста и целосноста на податоците прикажани во извештаите.

Дел од обврските за платено политичко рекламирање во износ од 4.741 илјади денари не се платени од страна на ДИК спрема радиодифузери и интернет портали, поради ненавремена достава на ценовници, а кај двајца учесници во вкупните финансиски извештаи за изборната кампања прикажани се расходи за платените обврски за политичко рекламирање од страна на ДИК по склучени договори за асигнација, како и приходи за обезбедените средства, но овие трансакции не се извршени преку трансакциската сметка за изборната кампања.

## РЕФЕРЕНДУМ 2019 ГОДИНА

Референдумот е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за одделни прашања од надлежност на Собранието на Република Северна Македонија, за прашања од надлежност на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и за други прашања од локално значење.

Надлежноста на Собранието за распишување на референдумот е утврдена во Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, како и во Уставот на РСМ, каде е уредено дека Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеност на „Собрание на Република Македонија – Јавна пропаганда за референдум наменска сметка 789", кој го опфаќа периодот од 07.09.2018 до 05.11.2018 година.

Со ревизијата на јавната пропаганда за спроведениот референдум, утврдено е дека не се во целост почитувани одредбите од правилата за постапување на Координативното тело во врска со водење јавна пропаганда за референдумот, како и отстапување помеѓу вредноста на извршените услуги за рекламирање искажана во фактурите и вредноста на истите во приложените медиа планови.

Со анализирање на законската регулатива и нејзината примена во системот, констатирано е дека мониторингот од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е вршен на дел од радиодифузери со кои Собранието има склучено договор. Утврдени се разлики помеѓу податоците од извештаите на Агенцијата за следење на известувањето на радиодифузерите за време на референдумот 2018 година и извештаите од радиодифузерите за искористен рекламен простор од страна на Собранието.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Државниот завод за ревизија во текот на 2019 година оствари плодна меѓународна соработка со цел натамошно унапредување на професионалното ниво на вработените што претставува една од стратешките определби на ДЗР. Учеството во кооперативни ревизии со врховните ревизорски институции од ЕУ и регионот продолжи и оваа година придонесувајќи за јакнење на професионалниот капацитет на вработените во Државниот завод за ревизија и за квалитетот на ревизиите.

Врз основа на позитивните искуства од претходните кооперативни ревизии ДЗР во 2019 година започна со подготовки за учество во две нови кооперативни ревизии од областа на работната сила и пластичниот отпад. Придобивките од овој вид на соработката се повеќекратни, посебно можноста за професионална надградба на ревизорите (peer-to-peer), колегијални активности, флексибилниот пристап, користењето на искуствата на другите и јакнењето на самодовербата во сопствените капацитети за вршење ревизија на успешност.

Во рамките на мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори, се одвиваше проектот од областа на финансиската ревизија со аспекти на ревизија на усогласеност, започнат во октомври 2017 година и кој заврши во јуни 2019 година. Стручна и финансиски помош за овој проект, обезбеди ВРИ на Шведска, со учество и на експерти од Европскиот суд на ревизори.

Размената на новите искуства и пракси од областа на државната ревизија со другите ВРИ се одвиваше преку стандардни форми на соработка и во координација на INTOSAI и EUROSAI. Придонесот на Државниот завод за ревизија во работата на работните групи и тела на овие асоцијации со цел промовирање на активностите од областа на животната средина, информатичката технологија, етиката и интегритетот кај ВРИ и институциите во јавната администрација и ревизијата на општините продолжи и во текот на 2019 година.

Вработени во Државниот завод за ревизија остварија учества на повеќе меѓународни настани за едукација и надградба на нивните вештини во следните области: соработка со парламентот, ревизија на животната средина (отпад и биодиверзитет), ревизија на општините (функции кои ги обавуваат општините), ИТ поддршка и ревизија на информациски системи, унапредување на функцијата на внатрешната ревизија, како и на е-обуките за ревизија на успешност и управување со отпад.

Државниот завод за ревизија, повеќе од една деценија го држи статусот на една од најискусните во мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори и во тоа својство дава значителен придонес во реализирањето на активностите.

Кандидатскиот статус на Република Северна Македонија за прием во Европската унија, стекнат на крајот на 2005 година, на Државниот завод за ревизија му овозможува редовно, во својство на активен набљудувач, да учествува на состаноците на Контакт комитетот и да биде во чекор со најновите случувања и предизвици со кои се соочуваат одговорните лица на ВРИ од Европската унија при вршењето на ревизорската функција.

## Активности во рамките на EUROSAI, INTOSAI и други организации

Членувањето во работните групи на EUROSAI за животна средина од 2002 и за ИТ од 2005 година, Државниот завод за ревизија го одржува континуирано и со активно учество во нивната работа.

Државниот завод за ревизија од 2011 година е активен член и на оперативната група на EUROSAI за ревизија и етика, која работи на јакнењето на интегритетот и етиката кај врховните ревизорски институции и институциите од јавната администрација. Во 2017 година ДЗР се приклучи на семејствата на уште три работни групи од кои двете се на EUROSAI: оперативна група за ревизија на општините и проектната група за улогата на врховните ревизорски институции во ширењето на културата на интегритет. Во рамките на групата за ревизија на општините (TFMA) претставниците на ДЗР во својство на лидери дадоа придонес во реализацијата на активноста - изработка на прашалник и Анализа на резултатите од спроведената анкета за финансирањето на општините во земјите членки на TFMA. Третата работната група е за јавен долг и е во рамките на INTOSAI. ДЗР даде свој придонес во изработката на Концепт белешката за изготвување на Упатство за ревизија на јавниот долг во делот на склучување договори.

Во текот на 2019 година, делегации на Државниот завод за ревизија учествуваа на повеќе значајни меѓународни настани од високо ниво меѓу кои ги истакнуваме: 3-та средба на форумот на ВРИ со правен модел (Истанбул јануари 2019); III EUROSAI-ASOSAI конференција (Ерусалим март 2019) на која се дискутираше за актуелни теми/проблеми и итни ситуации од глобален карактер со кои се соочуваат денешните општества; конференција во Париз март 2019, за соработка со парламентите со цел подобрување на влијанието на ревизиите; меѓународна конференција на тема „Иновации во ревизиите на ЕУ и зајакнување на советничката улога на ВРИ во корист на општеството" организирана по повод романското претседателство со Советот на ЕУ, Букурешт мај 2019; регионална конференција посветена на надзорната функција на парламентот врз јавните финансии, Приштина мај 2019; состанок на UNDESA-IDI за придонесот на ВРИ во имплементирањето на целите на одржлив развој во насока на реализацијата на Агендата 2030, Њујорк јули 2019; XXIII Конгрес на INTOSAI посветен на две значајни теми: ИТ во развојот на јавната администрација и улогата на ВРИ за постигнување на националните приоритети и цели, Москва септември 2019.

Во рамките на програмата на Светска банка, наменета за развивање на рамката за финансиско известување во јавниот сектор во земјите од западен Балкан на работилницата за фискални правила и фискални совети во Виена учествуваа двајца претставници на ДЗР.




## Мрежа на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори

Активностите на мрежата, што ја сочинуваат ВРИ на Турција, Р. С. Македонија, Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, ЕСР и Косово* (во својство на набљудувач), имаат за цел полесно интегрирање на земјите кандидати во европското семејство и се одвиваат во координација на офицерите за врски на ВРИ и со поддршка на Работната група за заеднички ревизорски активности, формирана од Контакт комитетот, други ВРИ членки на ЕУ и SIGMA.

На годишен состанок на офицерите за врски на ВРИ од мрежата, одржан во Букурешт во април 2019, на разгледување беа активностите од рамковниот план на активности на мрежата (2018-2020). Во 2019 година активностите беа насочени на соработката со парламентите за подобрување на ревизорското влијание, поддршката на ИТ во ревизорскиот процес и ревизија на софтверот и на продолжението на работилниците од серијата за унапредување на финансиската ревизија.

Во рамките на активностите на мрежата Државниот завод за ревизија беше домаќин на работилницата за ревизија на ИТ системите - Дигитална ревизија која се одржа во Скопје, ноември 2019 година. На работилницата беше презентиран стратешкиот пристап кон дигиталната ревизија, развивањето дигитална ревизија, истражувајќи ги предизвиците и начините за нивно надминување, особено, интегрирање на дигиталниот ризик во финансиска ревизија и ревизија на успешност.

Четвртата од серијата работилници за финансиска ревизија,од планирање до известување за состојбите и наодите на ревизијата и контрола на квалитет, посветена на известувањето се одржа во Стокхолм, во јуни 2019 година.

Во 2019 година двајца ревизори беа на стажирање при Европскиот суд на ревизија во Луксембург во траење од пет месец, а еден оствари студиска посета во Хеиделберг, Германија на тема поврзана за животната средина и климатските промени.

Учеството на претставници на ДЗР на состанокот на Контакт комитетот кој го сочинуваат шефовите на ВРИ од ЕУ, заедно со другите членови на мрежата, овозможува континуирано следење на најновите случувања во областа на владеењето/управувањето со јавните финансии во ЕУ, влијанието на новите регулативи на ЕУ врз работењето на ЕСР и националните ВРИ, како и размена на искуствата во областа на ревизорската пракса насочени кон подобрување на одговорноста и отчетноста во трошењето на средствата доделени од европските фондови. На состанокот одржан во Варшава во јуни 2019 година, главна тема на семинарот редовно организиран во рамките на состанокот беше: „Дигитална Европа: Предизвици и можности за ВРИ на земјите членки на ЕУ''.

## Билатерална и регионална соработка

Државниот завод за ревизија ја одбележа 20-годишнината од своето функционирање со организирање тркалезна маса на тема „Соработка со парламентот" како дел од активностите на твининг проектот на ДЗР со ВРИ на Бугарија и Хрватска, Покрај претставници на овие две ВРИ, на настанот учествуваа и делегации на ВРИ од Турција, Романија, Полска, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и Шведска, а претседателот на Европскиот суд на ревизори настанот го поздрави со видео обраќање.

Висока делегација на Државниот завод за ревизија во февруари оствари работна посета на националната институција за ревизија на Косово при што двете институции потпишаа меморандум за соработка.

## Соработка со OECD - SIGMA и Европската комисија

Соработката со SIGMA во 2019 година се одвиваше во рамките на активностите на мрежата.

Со логистичка и финансиска поддршка на SIGMA беа реализирани дел од активностите од Рамковниот план на мрежата (2018-2020) меѓу кои и Конференцијата во Париз за зголемување на влијанието на ревизорските извештаи и ИТ работилницата во Скопје.




Во текот на 2019 година претставници на ДЗР воспоставија соработка со експерти на SIGMA за изработка на Насоки за спроведување на ревизија на Централниот буџет на РСМ. Во рамките на активностите беа одржани повеќе работни средби и работилница за презентирање на искуствата на Обединетото Кралство и Латвија во оваа област.

Соработката со SIGMA и Европската комисија како и до сега дава позитивни ефекти во процесот на изградба на Државниот завод за ревизија во компетентна институција за надворешна ревизија во согласност со критериумите на ЕУ и меѓународните стандарди за државната ревизија.

# КОМУНИКАЦИЈА, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ДЗР

Транспарентноста и отчетноста во работењето на Државниот завод за ревизија претставува една од клучните стратешки цели во „Стратегијата за развој на ДЗР за периодот 2018-2022 година“.

Во текот на 2019 година Државниот завод за ревизија продолжи да ја информира јавноста за работењето и активностите на ДЗР, како и за резултатите и постигнатиот ефект од спроведените ревизии кај субјектите  опфатени со Годишната програма за работа на ДЗР за 2019 година. Клучно место во информирањето на јавноста заземаат информациите содржани во конечните ревизорски извештаи кои се објавуваат на WEB страната на ДЗР.




Покрај континуираното информирање на јавноста за содржината на ревизорските извештаи, ДЗР информираше и за сите други планирани, преземени и реализирани активности. Во таа насока јавноста беше информирана за одржаните обуки и работилници за вработените како дел од „Годишниот план за континуирано професионално усовршување и обуки за 2019 година“.

На веб страницата на Државниот завод за ревизија беа споделени информации и за активностите коишто беа реализирани преку средби на претставниците на ДЗР со претставници и делегации на други врховни ревизорски институции, учества на билатерални средби, учество во работни групи на меѓународно ниво, состаноци, конгреси и други домашни, како и меѓународни настани поврзани со ревизорските активности. За овие активности презентирани се дополнителни информации во делот меѓународна соработка од овој извештај.

Интересот за резултатите од работењето на ДЗР од страна на медиумите и новинарите за 2019 година беше претставен преку објавените новинарски информации, прилози и коментари, претежно поврзани со констатираните состојби во конечните ревизорски извештаи на Државниот завод за ревизија. Од страна на заинтересираните медиуми и други заинтересирани страни за работењето на ДЗР, во текот на 2019 година беа доставени вкупно 17 барања, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на кои беше одговорено во законски определените рокови.

Навременото и транспарентно информирање на медиумите е долгогодишна пракса на ДЗР уредена со интерни процедури. Во таа насока, по доаѓањето на новиот ГДР оваа пракса се прошири и на други засегнати страни за ревизорските извештаи така што мејлинг листата беше ажурирана и дополнета со нови комитенти од составот како што се новински агенции/организации, ТВ и радио медиуми, дневни весници и неделници, интернет портали, истражувачки новинари. Посебен акцент е ставен на граѓанските организации кои третираат проблематика од различен тип (финансии, образование, култура, локална самоуправа, урбанизам и градежништво и друго).

Со тоа, почнувајќи од декември 2019 година ДЗР директно информира 160 засегнати страни за објавувањето на своите ревизорски извештаи. Притоа, ДЗР воведе и новитет со „Апстракт на ревизорски извештај“ во кои се содржат најважните информации кои полесно се читаат и разбираат во контекст на содржината на ревизорските извештаи. Со самото објавување на нов конечен

ревизорски извештај веднаш се информираат медиумите, новинските агенции, индивидуални истражувачки новинари и граѓанските организации, со прилог линк до објавениот извештај на веб страницата на ДЗР и апстракт од извештајот.

Со оваа нова стратегија на ДЗР, објавениот ревизорски извештај истиот ден се проследува до медиумите и другите засегнати страни, за да може да се добие целосна слика за констатираните состојби од спроведената ревизија кај одреден субјект, што бил предмет на ревизија, како и за начинот на користење на јавните средства на даночните обврзници.

Токму комуникацијата и начинот како таа ќе се одвива со медиумите, општата јавност и граѓанските организации е детално прикажана и разработена во усвоената Комуникациска стратегија на ДЗР (2020 – 2023) каде поединечно се разработени процесите на комуницирање со секоја целна група одделно.

Ваквиот начин на ново воспоставена пракса на проследување на информациите за објавени конечни ревизорски извештаи на веб страницата до сите засегнати страни, веќе во првите месеци од 2020 година продуцираше зголемена посетеност на редизајнираната веб страница на Државниот завод за ревизија (редизајнирана во декември 2019 година). Евидентирани се околу 4.000 посети месечно на страната на ДЗР, дури 2.000 нови посетители кои за прв пат ја отвориле веб страницата, со околу 30.000 прегледани содржини и околу 200.000 преземања на извештаи, документи, слики и останата содржина објавена на страната на Државниот завод за ревизија.

Во насока на исполнување на барањата за транспарентност и отчетност за работењето на ДЗР, вредно е да се спомне дека кон крајот на 2019 година, Државниот завод за ревизија и Фондацијата за демократија на Вестминстер ја реализираа првата фаза од проектот „Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките на Државниот завод за ревизија".

Во рамките на проектот кој е финансиран од Владата на Обединетото Кралство со поддршка на Британската амбасада во Скопје беа одржани неколку работилници со голема група на ревизори од различно хиерархиско ниво и од различни сектори на ДЗР.

Врз основа на реализираните активности во рамките на проектот беше донесен нов и подобрен документ под наслов „Комуникациска стратегија на ДЗР 2020 – 2023 година". Изготвениот документ на методолошки начин детектира предизвици и ризици во веќе имплементираната комуникациска практика на институцијата и дава конкретни препораки за тоа како тие да се подобрат и да се воведат нови начини на комуницирање со засегнатите страни.

Како главни и примарни цели при имплементацијата на Комуникациската стратегија се наведени: улогата на ДЗР како промотор на принципот на транспарентност и отчетност на начинот на користење на јавните средства, зајакнување на соработката и координацијата со засегнатите групи, поттикнување на институциите навремено, соодветно и точно да постапуваат по препораките и мерките дадени во конечните ревизорски извештаи.

Годината за која известуваме беше сензитивна за ДЗР од аспект на информирањето на јавноста и комуникацијата со медиумите со оглед на фактот дека Државниот завод за ревизија од крајот на 2017 година се наоѓаше во состојба на назначување на нов главен државен ревизор, а од 04.10.2019 година и со престанок на функцијата заменик главен државен ревизор, поради завршување на мандатот, со што основните функции на институцијата беа доведени во прашање.

Сите овие предизвици беа надминати кон крајот на 2019 година, односно на ден 12.12.2019 година кога на предлог на собраниската Комисија за прашања на изборите и именувањата од страна на Собранието на РСМ беше донесена Одлука со која за Главен државен ревизор е избран м-р Максим Ацевски.

Веднаш по стапување на должноста Главен државен ревизор, м-р Максим Ацевски, првото интервју го даде во емисијата Топ Тема на Телма телевизија, потоа следеа уште неколку гостувања и интервјуа како на првиот канал на националната телевизија на МРТВ за Македонската информативна агенција МИА, итн.

Овие јавни настапи беа убава можност за главниот државен ревизор да ја прикаже состојбата во која се наоѓаше Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија во период од две години и реално да ги презентира досегашните резултати од работењето на ВРИ, но и идните планови и стратешки цели за развој на ДЗР, како и да ја најави идејата за  зголемување на степенот на транспарентност и отчетност на ДЗР како институција која се перципира во јавноста како „чувар на јавните средства".

Зголемената комуникација, транспарентност, одговорност и отчетност во работењето на Државниот завод за ревизија очекуваме да поттикне не само поголема заинтересираност на новинарите, медиумите и другите заинтересирани страни во професионално и објективно известување за работењето на Државниот завод за ревизија и ефектите од истото, туку и поголема одговорност и самоконтрола кај субјектите од јавниот сектор корисници на средства од даночните обврзници на Република Северна Македонија.

## СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Согласно Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија до Собранието на Република Северна Македонија во законски утврдениот рок го достави на разгледување Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2018 година.

На сто и деветта седница одржана на 30 јули 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и усвои Годишниот извештај за извршени ревизии и работењето на Државниот завод за ревизија во 2018 година. Собранието донесе заклучоци во насока на поддршка на работата на ДЗР и ревизорските извештаи, спроведувањето на активностите на твининг проектот, дадените препораки и проверката на степенот на нивната имплементација, како и преземање на мерки и активности од надлежните органи за надминување на системските слабости утврдени во ревизорските извештаи.

Соработката помеѓу ДЗР и Собранието на РСМ во 2019 година се продлабочи со реализација на твининг проектот, во кој компонентата 3 од проектот беше фокусирана на зајакнување на соработката на Државниот завод за ревизија со Собранието на Република Северна Македонија со цел да се обезбеди редовно разгледување на ревизорските извештаи од страна на Собранието, а со тоа и зајакнување на улогата на ДЗР и преземањето на корективни мерки и активности за спроведување на препораките од ревизиите.

Во текот на 2019 година, а согласно обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија до Собранието на РСМ ги достави сите конечни ревизорски извештаи.

Соработката на Државниот завод за ревизија со другите надлежни органи продолжи и во текот на 2019 година. Во рамки на реализацијата на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставени се 3/три/ конечни ревизорски извештаи за два ревидирани субјекти, од кои за еден субјект е доставен според оценка на државните ревизори, а два извештаи за еден субјект се доставени на барање на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција по претходно барање на Државната комисија за спречување на корупцијата. До Државната комисија за спречување на корупцијата беше доставен еден конечен ревизорски извештај врз основа на нејзино претходно барање.

На барање на ДЗР, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија достави информација за спроведените мерки во негова надлежност во врска со доставени конечни ревизорски извештаи согласно Годишните програми за работа на ДЗР за 2016, 2017 и 2018 година. Согласно ова информацијата, како и претходно доставно известување, во однос на вкупно 44 конечни ревизорски извештаи кои биле доставени до ЈО на РСМ согласно наведените годишни програми, 10 конечни ревизорски извештаи се предадени на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, а еден конечен ревизорски извештај е предаден на Специјалното јавно обвинителство - Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. За 4 конечни ревизорски извештаи покренат е обвинителен акт, а 20 конечни ревизорски извештаи се во предистражна постапка во основните јавни

обвинителства. Во врска со 3 конечни ревизорски извештаи побарани се информации/проверки од Управата за финансиска полиција. За 1 конечен ревизорски извештај донесена е судска пресуда, а во тек е жалбена постапка. За 5 конечни ревизорски извештаи (за 3 согласно оваа информација и за 2 согласно претходно известување), утврдено е дека нема основ за јавнообвинителско постапување.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.

Државниот завод за ревизија учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 3.32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата.

Државниот завод за ревизија успешно ги реализираше активностите од Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за 2019 година кои се однесуваат на Приоритет 7. Надворешна контрола и парламентарен надзор.

# СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ

Ние вработените во Државниот завод за ревизија извршувајќи ги со закон и со стандардите за ВРИ утврдените надлежности, во континуитет вршиме меѓу другото и оценка на степенот на усогласеност на законските и подзаконските акти и потребата од нивно менување и дополнување. Постапувајќи по нашите дадени препораки и укажувања, надлежните органи од извршната и законодавната власт пристапија кон изменување и дополнување на повеќе законски и подзаконски акти детално презентирани во Прилог 1.

Во исто време истакнуваме дека одредени утврдени системски слабости не се надминати односно за истите има потреба да се преземат активности во понатамошниот период презентирани во Прилог 2.

ПРИЛОГ 1: Преземени активности од извршната и законодавната власт за изменување и дополнување на законски / подзаконски акти

| **Регулатива** | **Препорака од ДЗР/укажување на системски слабости** | **Извршена измена/дополнување и донесување нова** |
|---|---|---|
| Закон за здравствена заштита | Во извештајот од извршената ревизија на усогласеност на тема „Реализација на мерките, активностите и политиките за специјализација на здравствените работници во јавните здравствени установи во периодот од 2015 до 2018 година" се констатира отежната примена на законот во делот на создавање соодветни институционални капацитети кои се однесуваат на начинот на спроведувањето на специјалистичкиот стаж и начинот на полагање на испитот, поради што ниту еден од запишаните специјализанти согласно Програмата за специјализација од 2015 година не полагал специјалистички испит. | За надминување на овие состојби со Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на РСМ" број 275 од 27.12.2019 година) укинати се одредени одредби од законот, а дополнет е со одредба со која е регулирано со подзаконски акт да се уреди начинот на спроведување на специјалистичкиот стаж и начинот на полагање на испитот. |
| Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (ЗКФПО)<br><br>Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Закон за ПИО)<br><br>Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Во извештајот од извршената ревизија на регуларност на Фондот за ПИОРСМ се констатира отсуство на законски дефиниран временски рок во кој Фондот треба да обезбеди податоци за разрешување на не валидните регистрации и не конзистентните уплати и да изврши распределба на осигурениците и пренесување на придонесите во вториот пензиски столб, што придонело проблемот да се провлекува повеќе години, а средствата уплатени по основ на придонес за овие осигуреници да останат на сметката на Фондот. | За надминување на утврдените состојби во мај 2018 година, формирана е Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем со претставници од засегнатите институции, врз основа на чии анализи и Информација на крајот на 2018 година направени се повеќе измени и тоа со Закон за изменување и дополнување на Законот за ПИО и Законот за ЗКФПО објавени во („Службен весник на РМ" број 245/2018), Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ" број 247/2018) кои се со примена од 01.01.2019 година. |

| | | |
|---|---|---|
| Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност | Во извештајот од ревизија на регуларност на Агенцијата за вработување на РСМ се констатирани состојби во делот на начинот на регулирање на статусот на вработените во Агенцијата со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, односно со законот не е извршена категоризација и нивоа на работни места и не се утврдени платите на вработените (основна компонента и исклучителна компонента) како и начинот на утврдување на вредноста на бодот. Овие прашања Агенцијата ги има уредено со донесување на Актите за организација и систематизација на работните места и Колективен договор на ниво на работодавач.<br><br>Исто така констатирани се состојби со тоа што во законот соодветно не е уреден коефициентот за пресметување на плата на директорот и заменик директорот на Агенцијата кои ги именува Владата на РСМ. | Со изменување и дополнување на законот („Службен весник на РМ" број 124 од 18 јуни 2019 година) се регулира статусот на вработените во Агенцијата. За вработените даватели на јавни услуги помошно техничките лица утврдени се категориите и нивоата на работни места во самиот закон, а за административните службеници категориите, нивоата и звањата се применува Законот за административни службеници. Другите прашања од работен однос и плати уредено е да се применуваат одредбите од овој закон, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.<br><br>Во член 91-а се уредува склучување на менаџерски договор меѓу именуваниот директорот, односно заменик директорот на Агенцијата и Владата на РСМ. |
| Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност | Во извештајот од ревизија на регуларност на Агенцијата за вработување се констатира состојба која упатува дека во законот не е уредена обврската на невработените лица да доаѓаат на интервју за работа при посредување во процесот на вработување со работодавачите, што придонесува и покрај заложбата на агенцијата, мал број на лицата да се вработат. | Со Закон за именување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на РСМ" бр.124 од 18 јуни 2019 година) во член 59-в утврдена е обврската лицето доколку два пати во текот на 2 (две) години одбие соодветно или погодно вработување или одбие да присуствува или не се јави на интервју за работа на кое е упатено од страна на Агенцијата, да биде избришано од евиденција на невработени лица. |
| Закон за јавни набавки | Во извештајот од ревизија на успешност на тема "Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделувањето на договорите за јавни набавки на ниво на јавни претпријатија на Град Скопје" се обрна внимание за воведената обврска, со измените на ЗЈН од јануари 2014 година, договорните органи во огласот за доделување на договорот за јавна набавка да ја објавуваат проценетата вредност на набавката.<br><br>Со одредбите на ЗЈН доделувањето на договорите за јавни набавки се темели врз критериумот најниска цена. Критериум за доделување на договор за јавна набавка може да биде и економски најповолна понуда, кој во периодот 2016-2018 година, ЈП воопшто не го користеле во постапките. | Во 2019 година донесен е нов Закон за јавни набавки („Службен весник на РМ" број 24/19) и согласно истиот објавувањето на проценетата вредноста во огласот за доделување на договор за јавна набавка е опционално, односно е оставено договорните органи сами да одлучат дали ќе ја објават. Користењето најниска цена како единствен критериум не е во согласност со Директивите на ЕУ, поради што во член 99 од Законот кој започнува да се применува од април 2019 година, како критериум за доделувањето на договорот за јавна набавка предвидено е да се користи економски најповолна понуда, со исклучок кога економски најповолната понуда се избира само врз основа на цената. |

| | | |
|---|---|---|
| | Со ревизиите на Локалните избори 2017 и Изборите за Претседател на РСМ 2019, констатиравме: | Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на РСМ" број 42/2020), надминати се состојбите и тоа: |
| Изборен законик | ▪ во член 71 дадена е можност за трансфер на средства од сметката за редовно работење на партиите и сметката за средствата од кредити, на изборната сметка, без да се прецизира дали трансферираните средства ќе бидат извор на финансирање на изборната кампања или учесниците ќе имаат обврска да ги вратат средствата; | ▪ со член 20 и член 34 извршено е усогласување, (изменет е член 71, став 7 и член 83 став 2,) со што е уредено дека изборната кампања може да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија и кредити на политичката партија наменети за изборна кампања; |
| | ▪ во член 76-д уредено е дека трошоците на изборните кампањи кои се однесуваат на платеното политичко рекламирање, се на товар на Буџетот на РСМ, а исплатата ја врши Државната изборна комисија, без да се утврди лимит, односно рамка на финансиските средства од Буџетот на РСМ, ниту начин и критериуми за распределба на овие средства по одделни учесници во изборната кампања; | ▪ со член 31 извршена е измена и дополнување на член 76-д, и утврдено е обемот на финансиските средства за платено политичко рекламирање, кои не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач, како и утврден е начинот на нивната распределба по политички партии; |
| | ▪ со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година, активностите во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите; | ▪ со член 27 се менува став 1 од член 76-ѓ, со кој за надлежна институција за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите е определена Државната изборна комисија; |
| | ▪ во член 71 уреден е начинот на отворање и затворање на трансакциска сметка, обврската за обезбедување на ЕДБ со назнака "за изборна кампања" пред надлежен орган, но не е уредено бришењето на ЕДБ, по завршување на изборните активности; | ▪ со член 20 извршена е измена на член 71 став 12 каде е предвидено дека со затворање на трансакциската сметка, се брише и ЕДБ на субјектот регистриран пред надлежен орган; |
| | ▪ уплатата на донациите до крајниот рок определен за доставување на финансиски извештај не може да се реализира, бидејќи сметката за изборна кампања може да биде затворена; | ▪ со член 20 извршена е измена на член 71 став 6, согласно кој донациите можат да се уплатуваат на трансакциската сметка најдоцна до денот на нејзино затворање; |
| | ▪ потреба од пропишување на обврската за доставување на ценовник и извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините и градот Скопје. | ▪ во член 32 извршена е измена на член 78-а, со која пропишана е обврска за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди само од страна на правните лица, а не и за општините и градот Скопје. |

| | | |
|---|---|---|
| Закон за железничкиот систем | Со ревизијата на регуларност кај Министерството за транспорт и врски за 2018 година, утврдивме дека за период 2017-2019 година, Собранието на РСМ нема донесено Национална програма за железничка инфраструктура како што е предвидено со член 26 од Законот за железничкиот систем, каде треба да се утврди износот на средства по години за финансирање на програмата. Во годишната програма за 2018 година се предвидени помалку средства од предвиденото законско право согласно член 118 од Законот за железничкиот систем. | Во јуни 2019 година од страна на Собранието на РСМ е донесена Национална програма за железничка инфраструктура 2019 – 2021 година, а за финансирањето на железничка инфраструктура за 2019 година со годишната програма планирани се средства согласно член 118 од Законот за железнички систем, односно средства повисоки од 0,3% од планираните даночни приходи на Централниот Буџетот на РСМ за тековната година. |

ПРИЛОГ 2: Системски слабости за кои има потреба од преземање на активности од страна на надлежните органи од извршната /законодавната власт за надминување на истите

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
| --- | --- |
| Закон за здравствена заштита | Ревизијата во континуитет известува за отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми и истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Поради несоодветно планирање на поодделните програми од страна на Министерството за здравство и недоволно обезбедени буџетски средства од надлежното министерство, паричните средства утврдени во истите се во помал обем од обемот на утврдените активности и вредноста на извршените услуги од страна на јавните здравствени установи. Наведената состојба влијае на солвентноста и ликвидноста на јавните здравствени установи и на квалитетот на дадените услуги кон крајните корисници. |
| Закон за здравствена заштита | Ревизијата ја истакнува неизвесноста во делот на непречено функционирање на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во јавните здравствени установи кој е воведен со измената на овој Закон во 2015 година и е обврска на министерот за здравство. Поради застојот во поврзувањето на поединечните сметководствени бази во јавните здравствени установи со овој систем како и необезбеден договор за негово одржување истиот од 2018 година не е во функција, со што е оневозможено целосно следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во јавните здравствени установи, од страна на министерството. |
| Законот за здравствено осигурување | Ревизијата во континуитет ги истакнува недоследностите кои се однесуваат на начинот на утврдување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи од воведувањето на концептот купување на услуги што е предвидено со Законот за здравствено осигурување. Утврдивме дека критериумите за распределба кои се утврдени со Одлука на Фондот не се доволно конкретни и применливи за пресметка и во пракса утврдениот надоместок не секогаш е резултат на објективни пресметки за обемот на услуги кои се предвидува да се извршат, поради што не е обезбедено „вистинско купување на услуги од јавните здравствени установи". Во пракса постојат јавни здравствени установи кои се стекнале со статус на неодржливи поради тоа што нивото на извршени услуги е пониско од нивото на средства кои го добиваат од Буџетот на Фондот, а од друга страна одредени јавни здравствени установи континуирано извршуваат услуги во поголем обем од договорниот надоместок со Фондот, што влијание на ликвидноста и солвентноста на истите. |
| Закон за придонеси за задолжително социјално осигурување | Воспоставениот систем за утврдување, контрола и наплата на придонес не се базира на ажурно и целосно интегрирање и размена на податоци од институциите, што влијае на комплетноста на приходите, како и на ликвидноста на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РСМ и Фондот за здравствено осигурување на РСМ, како и на одржливоста на пензискиот систем и системот за здравствено осигурување. Имено, институциите во системот за задолжително социјално осигурување, Управата за јавни приходи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РСМ, Фондот за здравствено осигурување на РСМ и Агенцијата за вработување, имаат посебни бази кои паралелно функционираат и меѓусебно се разликуваат по бројот и различниот третман на обврзниците и осигурениците. Во такви услови Управата за јавни приходи согласно склучениот договор, до фондовите доставува информации само за наплатениот дел на придонеси во кој не се вклучени сите потребни податоци за пресметани и неплатени придонеси и други податоци пропишани согласно овој Закон. |
| Закон за пензиското и инвалидското осигурување | Потребно е поактивно учество на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РСМ во креирањето на политиките и носењето на законски решенија кои се однесуваат на системот на ПИО и соработката со институциите во системот на социјално осигурување, како и преземање активности за потпишување нов договор со УЈП, во кој ќе бидат вклучени сите потребни податоци пропишани согласно законот. |

| | |
|---|---|
| Законот за административните службеници<br>Законот за вработените во јавниот сектор | Со извршена ревизија на Министерството за труд и социјална политика утврдени се системски слабости во делот на утврдување на висината и начинот на пресметка на платата на вработените кои немаат статус на административен службеник и посебните советници во министерството, поради што се наметнува потребата надлежните органи да преземат активности за доуредување на наведените законски акти. |
| Закон за буџетите и Упатството за начинот на трезорско работење | Во структурата на вкупните расходи на Министерството за труд и социјална политика за 2018 година најголемо учество односно 75%, имаат тековните трансфери до вонбуџетските фондови (69% Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ и 6% за Фонд за здравствено осигурување на СРМ). Висината на овие трансфери ја определуваат фондовите, додека министерството врши формална контрола, не навлегувајќи во точноста и реалноста на податоците во барањата. Наведената состојба упатува на потребата од доуредување на законските акти со кое ќе се обезбеди директен трансфер на средства од сметката на Основен буџет на сметките на вонбуџетските фондови, пренесувајќи ја одговорноста на крајните корисници / фондови. |
| Закон за пензиското и инвалидското осигурување | Со извршената ревизија во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на РСМ и анализа на одредбите на Закон за пензиското и инвалидското осигурување констатиравме дека почнувајќи од 2004 година во член 130 став 6, предвидена е обврска корисникот на инвалидска или семејна пензија по основ на инвалидност да се јави на задолжителен контролен преглед кој се врши во рок од една а најдоцна до две години. До конечност на решението на корисникот му се врши исплата на пензија, а во случај кога со задолжителниот контролен преглед ќе се потврди дека кај лицето не постои инвалидност, се вршат пресметки на штети за неоснованите исплати кои претставуваат значаен одлив на средства од буџетот на Фондот. Од друга страна со законските решенија не е уредено мирување на работен однос во услови кога е доделена времена инвалидска пензија, поради што осигурениците на кои им се укинува инвалидската пензија остануваат незаштитени во делот на правата и обврските од работен однос. За надминување на овие состојби Фондот во повеќе наврати поднел иницијативи до надлежното министерство за измени на овој Закон но до денот на ревизијата измените не се направени. |
| Закон за пензиското и инвалидското осигурување | Одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во делот на утврдување на износите за исплата за најниските и највисоките пензии, предвидуваат исплати на пензии во три групи кои се разликуваат во зависност од тоа кога е остварено правото поради законските решенија кои во тој период важеле како и должината на пензискиот стаж. Дополнително, највисоките пензии почнувајќи од 2015 година, секоја година се определуваат во различен износ. Поради тоа во декември 2018 година на име најниски пензии тековно се исплатуваат девет различни износи, а на име највисоки износи се исплатуваат шест различни износи на пензии. Ваквото законско решение влијае корисниците на исти права да се ставени во нерамноправна положба и го доведува во прашање почитувањето на начелото на социјална праведност предвидено во член 3 на овој Закон на кое се базира остварувањето на правата од првиот пензиски столб. Ревизијата препорачува да се преземат активности за преиспитување на законските решенија и воедначување на износите за исплата за најниските, како и износите за највисоките пензии во функција на обезбедување почитување на начелото на социјална праведност предвидено со член 35 од Уставот на РСМ. |
| Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност | Овластениот државен ревизор известува дека со законот недоволно е уреден делот на донесувањето на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, надлежна институција и период за негово донесување, со кој акт и која е постапката за имплементација, мониторинг и проценка на ефектите од активните политики за вработување. Ревизијата е на мислење дека е потребно со закон посебно да се уреди делот на активните програми и мерки за вработување, што е од големо национално значење за зголемување на вработеноста и намалување на невработеноста во РСМ и ќе даде придонесе кон зголемување на ефикасноста и ефективноста на спроведување на истите и на работата на Агенцијата за вработување на РСМ. При изработката на законот потребно е истиот да биде во согласност со меѓународните и европските стандарди и применливото право на ЕУ. |

| | |
|---|---|
| Закон за Народната банка на Република Македонија | Со извршената ревизија на Народната банка на РСМ констатиравме потреба од усогласување на член 67 од законот за Народната банка на Република Македонија со членовите 22, 30, 31 и 32 од Законот за државната ревизија, во делот на делокругот на вршење на ревизијата и доставувањето на конечните извештаи на овластениот државен ревизор. |
| Закон за Управата за јавни приходи<br><br>Законот за Царинската управа | Со извршената ревизија на Основен буџет на РСМ, констатиравме дека за побарувањата и обврските по основ на неплатен ДДВ, данокот на добивка и персоналниот данок (данок на личен доход) од правните и физички лица, за побарувања за акцизи и царински давачки, кои се во надлежност на администрирање на Управата за јавни приходи и Царинската управа, како и за обврски за поврат на истите, не е пропишана законска обврска за нивно прикажување во финансиските извештаи на овие органи или во Основниот буџет на РСМ.<br><br>Потребно е да се преземат мерки и активности за пропишување на начин на нивно евидентирање и прикажување во финансиски извештаи. |
| Изборен законик | Со извршената ревизија на Претседателските избори 2019 година, констатиравме дека постои потреба од доусогласување и доуредување на Изборниот законик, и тоа:<br>▪ начин на постапување во случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани неплатени обврски односно прикажан е повисок износ на расходи од приходи;<br>▪ начин на постапување во случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани вишок на прибрани средства, кога како учесник во изборната кампања се јавува политичка партија или коалиција;<br>▪ определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми - интернет портали;<br>▪ преиспитување на крајниот рок за уплата на донациите за финансирање на изборната кампања, односно можноста за уплата на донации и по објавувањето на конечноста на резултатите од изборната кампања;<br>▪ начин на кој донаторите на учесниците во изборната кампања ќе докажат дека не се поврзани лица со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми / интернет порталите;<br>▪ пропишување на обврска за сите субјекти кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди да доставуваат ценовник до надлежните институции за контрола и ревизија на изборниот процес, а за општините и градот Скопје и доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди како и за средствата кои се платени или се побаруваат по тој основ и<br>▪ со бришење на член 86, кој ги регулираше правата на надоместок за исплата по добиен глас од Буџетот на РСМ, членовите 87 и 88 став 3 кои се поврзани со надоместокот на изборната кампања, како и одредбите од членот 177-а став 4 и 5 како дел од казните и прекршочните одредби, немаат правен основ.<br>Исто така потребно е министерот за финансии да пропише акт за постапувањето при оданочување со ДДВ на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на изборите како и нивно царинење. |
| Законот за финансирање на политичките партии | Со извршените ревизии на работењето на политичките партии за 2018 година, констатиравме потреба од доуредување на законската и подзаконската регулатива во однос на начинот на уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање, заради воедначено постапување кај сите политички субјекти. |
| Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните | Со извршената ревизија на Собрание на РСМ–Јавна пропаганда за референдум, констатиравме потреба од доуредување на Законот:<br>▪ утврдување на рок за отпочнување на јавната пропаганда за референдум;<br>▪ регулирање на начинот на финансирање на средствата за покривање на трошоците за јавна пропаганда од буџетот на државата, како и висината на истите. |

| | |
|---|---|
| Закон за данокот на додадена вредност | Со извршената ревизија на Претседателските избори 2019 година, констатиравме потреба од усогласување на законот со Изборниот законик, каде во член 11 е предвидено дека за дејствијата, актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на изборите, набавката на стоки, работи и услуги за потребите на изборниот процес, не се плаќа царина и данок, од причина што во постојниот закон не е регулирано даночно ослободување за ДДВ во врска со спроведување на избори, предвидено во Изборниот законик. |
| Законот за организација и работа на органите на државната управа | Со извршената ревизија на Министерството за финансии, констатиравме дека при формирањето и основањето на државни органи и институции со посебен закон, не секогаш се врши измена на законот. Имено потребна е измена на член 19 од наведениот закон, во кој се наведени институции како органи во состав на министерството без својство на правно лице, иако со посебните закони истите се основани како органи во состав на министерството со својство на правно лице или се формирани како самостојни органи на државната управа. |
| Закон за вработените во јавниот сектор | Со извршената ревизија на Министерството за финансии, констатиравме потреба од регулирање на висината и начинот на пресметка на платата на посебните советници во одделните институции, вклучувајќи го и министерството. |
| Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Со извршената ревизија на Министерството за информатичко општество и администрација, констатиравме потреба од преиспитување на член 105 од законот, каде е предвидено дека средствата за финансирање на радиодифузната дејност на Македонска Радио Телевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на РСМ преку буџетот на Министерството, со што ваквиот буџет на Министерството не дава реална слика за реалните расходи на Министерството. |
| Закон за јавните набавки | Со извршената ревизија на Народната банка на РСМ констатиравме потреба од преиспитување на можноста и преземање на активности за исклучување на набавката на банкноти и монети од Законот за јавните набавки, како набавка од специфичен карактер за која се потребни посебни безбедносни мерки. |
| Законот за супервизија на осигурувањето | Во извештајот од извршената ревизија на регуларност на Агенцијата на супервизија на осигурување констатиравме дека согласно член 158-ж од Законот за супервизија на осигурувањето, претседателот и членовите на Советот на експерти кои се професионално ангажирани, имаат право на плата согласно Закон за работните односи и колективен договор, додека надоместокот за надворешните членови е уреден со Статутот на Агенција. Имајќи предвид дека истите се избрани и именувани лица од страна на Собранието на РСМ, постои потреба од преиспитување на вака уредените основи за исплата на плата и надоместоци. |
| Закон за комуналните такси | Ревизијата во континуитет известува за слабостите во законското решение кое ја регулира наплатата на комуналните такси кои се еден од сопствените извори на приходи на единиците на локалната самоуправа, а поради недоречености во истото не постојат можности за реална наплата на истите по одредени видови и тарифи и тоа:<br>▪ Комуналната такса за користење на патишта со моторни возила, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.<br>▪ Комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување, за која не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ.<br>▪ Комунална такса за користење музика во јавните локални поради недоволно прецизното законско решение не се наплаќа во општините. |

| | |
|---|---|
| Закон за даноците на имот | Ревизијата ја истакнува неизвесноста во делот на примената на членот 39 од Законот за даноците на имот од неговото донесување од 2004 година, во делот на обврската за усогласување на регистарот на недвижен имот кој го водат општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, а најдоцна до 31 декември во годината податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи. За имплементација на ова законско решение потребни се одредени допрецизирања во Законот како и софтверско поврзување на надлежните органи. |
| Законот за пожарникарство | Согласно член 49 за финансирање на активностите на Територијалните против пожарни единици, Град Скопје и општините имаат можности за остварување на дополнителни приходи од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Град Скопје и општините во РСМ не остваруваат приходи по овие основи освен приходот од осигурителните друштва во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила за кои немаат сознание за висината на средствата кои треба да се уплатат ниту пак има законска обврска да можат са се уверат во целосноста и точноста на уплатените средства. Недоволната прецизност на законското решение во дефинирањето на другите видови приходи за финансирање на Територијалните против пожарни единици придонесува за неостварување на приходи по овие основи. |
| Закон за извршување | Согласно одредбите од член 208 од Законот за извршување е утврдено дека извршување заради остварување на парично побарување спрема правно лице може да се спроведе врз сите расположливи средства на неговите сметки кај носителите на платен промет каде што должникот има сметки.<br><br>Согласно член 218 од истиот Закон, врз предмети и права на РСМ и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи. Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.<br><br>Користејќи ги одредбите на горенаведените членови претседателите на месно надлежните основни судови донесуваат решенија за износот на парични средства кои се неопходни за вршење на дејностите кои се изземаат од извршување, а се темелат на направени вештачења од вешти лица. При постапувањето во овие случаи не се имаат во предвид одредбите од подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за платен промет.<br><br>Со ревизијата кај Општина Струга утврдивме дека врз основа на барањето и вештачењето, од страна на претседателот на Основниот суд Струга со решение е определениот месечен износ неопходен за вршење на дејноста. Овој износ на годишно ниво е поголем од планираниот и од реализираниот Буџет на Општината. Со ваквото законско решение се овозможува Општината непречено да функционира, а доверителите да не ги остварат своите извршни побарувања. |

| | |
|---|---|
| Закон за спорт и Законот за градот Скопје | Финансирањето на активностите од областа на спортот и рекреацијата се предвидени во надлежностите на општините согласно член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, меѓутоа не и во надлежностите на општините од град Скопје. Истите се дефинирани во членот 15 од Законот за Град Скопје, според кој, во работи од јавен интерес не е вклучен спортот како надлежност на општините во градот Скопје, согласно член 10 став 1, оваа надлежност е дадена на градот Скопје. Од друга страна со член 22-а од Законот за спорт се утврдени надлежности на општините, општините во град Скопје и град Скопје во областа на спортот. Согласно наведеното, ревизијата е на мислење дека е потребно усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот за општините во град Скопје. |
| Закон за високо образование | Согласно член 45 од Законот за високото образование, предвидено е формирање на Агенцијата за квалитет во чиј состав се органите: Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование. Агенцијата за квалитет, согласно новиот закон, треба да се формира во рок од една година од денот на влегување во сила на Законот за високото образование, а донесувањето на актите предвидени со Законот треба да биде најдоцна во рок од три месеци од денот на неговото формирање. Поради не формирање на Агенцијата за квалитет во високото образование, а со тоа и на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација согласно новиот Закон, продолжува со работа Одборот за акредитација и евалуација формиран според стариот Закон при што ќе се применуваат одредбите за акредитација и евалуација на високообразовни установи и студиски програми согласно новиот Закон.<br><br>Согласно член 41 од Законот за високото образование, предвидено е формирање на Национален совет заради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија. Надлежностите на советот се широко дефинирани во Законот и претежно се однесуваат на следење, предлагање, изготвување на правилници и програми. Националниот совет согласно новиот закон треба да се формира во рок од една година од денот на влегување во сила на законот, а донесувањето на актите предвидени со законот треба да биде најдоцна во рок од шест месеци од денот на неговото формирање.<br><br>Со оглед дека Советот сѐ уште не е формиран, голем дел од работите и актите кои се во надлежност на Советот за кои ова стручно тело треба да даде мислења, предлози, да утврди или да донесе соодветни норми за кои Собранието на РСМ, Владата на РСМ или Министерството за образование и наука даваат согласност, не се донесени што придонесува за различниот начин на постапување и функционирање од страна на јавните универзитети, преку акти и одлуки што тековно ги донесуваат.<br><br>Остварувањето на право на плата и надоместоци на плата, во услови на непостоење на Колективен договор за високообразовна дејност, непостоење на одредби во Законот за високото образование и не утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници може да придонесе за различен начин на пресметка и исплата на платите во рамките на јавните универзитети во РСМ врз основа на интерен акт на високообразовна установа. |

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

### Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата на приходи наплатени од органи, односно за остварени приходи и расходи преку сметката 020021504063119 – Сметка на приходи наплатени од органи, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2019, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – сметка на сопствени приходи наплатени од органи заклучно со 31 декември 2019 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

*Нагласување на прашање*

Ние обрнуваме внимание на Белешката 3.2.1 кон финансиските извештаи „Субвенции и трансфери“, во која е обелоденета причината за исплата на плата за месец октомври 2019 од сметката на основен буџет – сопствени приходи (631), а не од сметката за основен буџет (637). Нашето мислење не е квалификувано во однос на ова прашање.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

### Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

***Мислење***

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

*Скопје, 20.05.2020*

| Овластен ревизор | Друштво за ревизија |
|---|---|
| Стојан Јорданов | РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје |

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

*во денари*

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2019 | Реализирано 2019 | Реализирано 2018 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | | 313.021 | |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 6.000.000 | 6.237.342 | 6.310.147 |
| **Вкупно приходи** | | **6.000.000** | **6.550.363** | **6.310.147** |
| **Расходи** | **3.2.** | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1. | 6.000.000 | 6.000.000 | 72.805 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **6.000.000** | **6.000.000** | **72.805** |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | 3.2.2. | - | - | - |
| **Вкупно капитални расходи** | | - | - | - |
| **Вкупно расходи** | | **6.000.000** | **6.000.000** | **72.805** |
| **Остварен вишок на приходи** | | - | **550.363** | **6.237.342** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи** | | | | |
| **Нето вишок на приходи** | | - | **550.363** | **6.237.342** |
| **Распоредување на вишокот на приходи** | | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | - | 550.363 | 6.237.342 |
| Обврски за данок на добивка | | | | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | - | **550.363** | **6.237.342** |

Скопје, 29.02.2020

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Сметка на Буџетот на РМ 631-19 за годината завршена на 31 декември 2019

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

*во денари*

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 550.363 | 6.237.342 |
| Побарувања од купувачите во земјата | 4.1.2. | 9.857.161 | 4.170.182 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 625.634 | - |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **11.033.158** | **10.407.524** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | - | - |
| Материјални средства | 4.2.2. | - | - |
| **Вкупно постојани средства** | | - | - |
| **Вкупна актива** | | **11.033.158** | **10.407.524** |
| **Вонбилансна евиденција - актива** | | **2.686.027** | **2.686.027** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 11.033.158 | 10.407.524 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **11.033.158** | **10.407.524** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | | - | - |
| Ревалоризациона резерва | | - | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | - | - |
| **Вкупна пасива** | | **11.033.158** | **10.407.524** |
| **Вонбилансна евиденција - пасива** | | **2.686.027** | **2.686.027** |

Скопје, 28.02.2019

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

### Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, односно за остварени приходи и расходи преку сметката 020021504063710 – Редовна сметка средства од Буџетот на РСМ, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2019, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – Редовна сметка средства од Буџетот на Република Северна Македонија заклучно со 31 декември 2019 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

*Нагласување на прашање*

Ние обрнуваме внимание на Белешката 3.2.1 кон финансиските извештаи „Плати, наемнини и надоместоци", во која е обелоденета причината за исплата на плата за месец октомври 2019 од сметката на основен буџет – сопствени приходи (631), а не од сметката за основен буџет (637).

Ние обрнуваме внимание на Белешката 5 кон финансиските извештаи „Настани што се случиле по денот на билансот на состојба", во која е обелоденето докнижување на донација добиена од Министерство за финансии – нематеријално средство (софтверски апликации) во 2019 година во износ од 3.802 илјади денари.

Нашето мислење не е квалификувано во однос на овие прашања.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

***Мислење***

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

*Скопје, 20.05.2020*

| Овластен ревизор | Друштво за ревизија |
|---|---|
| Стојан Јорданов | РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје |

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Сметката на основен буџет 637-19 за годината завршена на 31 декември 2019

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2019 | Реализирано 2019 | Реализирано 2018 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.** | 93.757.000 | 85.960.278 | 88.183.750 |
| **Вкупно приходи** | | **93.757.000** | **85.960.278** | **88.183.750** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 76.183.000 | 69.010.875 | 71.989.385 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 15.326.115 | 14.806.601 | 15.135.455 |
| Разни трансфери | 3.2.3. | 1.017.885 | 988.505 | 208.221 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **92.527.000** | **84.805.981** | **87.333.061** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | | |
| Капитални расходи | | 1.230.000 | 1.154.297 | 850.689 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.230.000** | **1.154.297** | **850.689** |
| **Вкупно расходи** | | **93.757.000** | **85.960.278** | **88.183.750** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - | - |

Скопје, 29.02.2020

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Сметката на основен буџет 637-19 за годината завршена на 31 декември 2019

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од купувачи | 4.1.1. | 218.497 | - |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 55.635 | 172.361 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 7.219.349 | 7.010.688 |
| Залихи | 4.1.4. | 1.695.241 | 1.796.552 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.188.722** | **8.979.601** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 4.148.615 | 5.166.404 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 9.066.704 | 6.442.698 |
| **Вкупно постојани средства** | | **13.215.319** | **11.609.102** |
| **Вкупна актива** | | **22.404.041** | **20.588.703** |
| **Вонбилансна актива** | | | **77.829.200** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 799.051 | 877.900 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 6.420.299 | 6.132.787 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 274.130 | 172.361 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.493.480** | **7.183.048** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | **4.4.** | 14.864.425 | 13.360.748 |
| Ревалоризациона резерва | | 46.136 | 44.907 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **14.910.561** | **13.405.655** |
| **Вкупна пасива** | | **22.404.041** | **20.588.703** |
| **Вонбилансна пасива** | | | **77.829.200** |

Скопје, 29.02.2020

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

### Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Проектот МАК-12/0015 „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕВИЗИЈА" на Државниот завод за ревизија, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2019, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Проектот МАК-12/0015 „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕВИЗИЈА" на Државниот завод за ревизија заклучно со 31 декември 2019 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsmmk.mk
www.rsmmk.mk

## Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

***Мислење***

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

*Скопје, 20.05.2020*

| Овластен ревизор | Друштво за ревизија |
| --- | --- |
| Стојан Јорданов | РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје |

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2019 | Реализирано 2019 | Реализирано 2018 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Останати не даночни приходи | | | | 42.248 |
| Трансфери и донации | **3.1.** | 43.000 | 42.248 | 154.099 |
| **Вкупно приходи** | | **43.000** | **42.248** | **196.347** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 43.000 | 42.248 | 154.099 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **43.000** | **42.248** | **154.099** |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | **3.3.** | | - | - |
| **Вкупно капитални расходи** | | - | - | - |
| **Отплата на главнина** | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **43.000** | **42.248** | **154.099** |
| **Нереализирани средства од буџетот** | | - | - | **42.248** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - | **42.248** |

Скопје, 29.02.2020

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Проект МАК-12/0015 за годината завршена на 31 декември 2019

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Жиро сметка | 4.1.1. | - | 42.248 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | - | - |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | - | 42.248 |
| **Вкупно тековни средства** | | - | **84.496** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | - | - |
| Материјални средства | 4.2.2. | - | - |
| **Вкупно постојани средства** | | - | - |
| **Вкупна актива** | | - | **84.496** |
| **Вонбилансна актива** | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | - | 42.248 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | - | 42.248 |
| **Вкупно тековни обврски** | | - | **84.496** |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | - | - |
| Ревалоризациона резерва | | - | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | - | - |
| **Вкупна пасива** | | - | **84.496** |
| **Вонбилансна пасива** | | | |

Скопје, 29.02.2020

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

# Кратенки

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ВРИ | Врховна ревизорска институција |
| ЕУ | Европска Унија |
| INTOSAI | The International Organization of Supreme Audit Institutions / Меѓународна организација на врховни ревизорски институции |
| EUROSAI | European Organisation of Supreme Audit Institutions<br>Европска организација на врховни ревизорски институции |
| ASOSAI | Asian Organization of Supreme Audit Institutions<br>Азиска организација на врховни ревизорски институции |
| ISSAI | The International Standards of Supreme Audit Institutions / Меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции |
| AMS | Audit management system |
| ИТ | информатичка технологија |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ФПИОСМ | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| УНДП | Програмата за развој на Обединети нации |
| БПР | Биланс на приходи и расходи |
| МИА | АД "Медиумска Информативна агенција"- Скопје |
| НУ | Национална установа |
| ЦК | Центар за култура |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| АД | Акционерско друштво |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| ВОУ | Високообразовни установи |
| ОАЕВО | Одбор за акредитација и евалуација на високото образование |
| ИПА | Инструментот за претпристапна помош |
| АКМИС | Автоматизиран компјутерски систем за управување со судски предмети |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| ИСУЧР | Информациски систем за управување со човечки ресурси во институциите во јавниот сектор |
| SIGMA | Support for Improvement in Governance and Management |
| OECD | The Organisation for Economic Co-operation and Development |
| UN DESA | The UN Department of Economic and Social Affairs |
| IDI | INTOSAI Development Initiative |
| TFMA | The Task Force on Municipality Audit |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

657.6(497.7)”2019”(047.31)

ГОДИШЕН извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2019 година. - Скопје : Државен завод за ревизија, 2020. - 95 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-9989-2030-4-6

а) Државен завод за ревизија (Скопје) - 2019 - Извештаи

cobiss.mk-ID 51399685

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Палата „Емануел Чучков",
ул. „Павел Шатев" бр.2, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

www.dzr.mk